Република Северна Македонија
Универзитет "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
Правен факултет "Јустинијан Први"
Бр. 01-227/2
26 02 2021 год.
СКОПЈЕ

# ИЗВОД ОД ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“ ВО СКОПЈЕ

**(01.03.2020 - 28.02.2021 ГОДИНА)**

## ВОВЕД

На 18 март 2021 година се навршува една година од кога беше прогласена вонредната состојба во државата поради пандемијата предизвикана од коронавирусот COVID-19. Оваа временска рамка, готово да се совпаѓа со Извештајниот период за работа на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје.

Изразите „пандемија“, „мерки и препораки за заштита и превенција од COVID-19“, „онлајн настава“, „видеоконференциски платформи“ и слично, станаа дел од секојдневниот говор во „новата нормалност“ во која живееме и работиме. Токму поради овие променети околности, Факултетот се соочи со потребата за кратко време да се адаптира кон новонастаната состојба. Предизвиците беа бројни: зачувувањето на здравјето на сите субјекти инволвирани во наставно-образовниот процес, од една, но и одржување на квалитетот на студирањето со соодветна административна поддршка, од друга страна. Поаѓајќи од овие приоритети, Правниот факултет „Јустинијан Први“, согласно спецификите на своите студиски програми, мошне бргу се приспособи. Наставно-научниот совет на Факултетот донесе соодветни одлуки за одржување на наставата преку видеоконференциски платформи, согласно насоките поставени од страна на Универзитетот. Но, се остави простор и за одредена флексибилност, односно беше дадена можност за хибридно спроведување на колоквиумите и испитите - дел со физичко присуство, а дел преку видеоконференциска платформа. Истиот принцип на работа се применуваше и на вториот и на третиот циклус на студии на сите студиски програми на Факултетот.

Сепак, видеоконференциските платформи станаа заеднички именител за повеќето активности организирани и одржани на Факултетот. За жал, некои настани и активности беа одложени поради пандемијата. Така, беше одложена традиционалната Ораторска вечер „Иво Пухан“, како и дел од проектните активности, но и мобилноста на студентите и наставниците преку програмата Еразмус.

Иако во отежнати услови, се продолжи со тековната акредитација и реакредитација на студиските програми, а особено би ја споменале започнатата постапка за повторна акредитација на сите студиски програми на третиот циклус студии, согласно новите акти на УКИМ. Во Извештајниот период вработените на Факултетот, преку сите расположиви алатки за промоција, вложија огромни напори да го амортизираат објективно очекуваниот пад на кандидати кои би пројавиле интерес за запишување на студиските програми на Факултетот. За жал, запишувањето на нови студенти, особено на првиот и на вториот циклус на студии во сите уписни рокови забележа значителен пад во споредба со минатата година. Само на првиот циклус на студии во првиот уписен рок се забележа пад од 39.4%.

Со големо задоволство би ги споменале активностите на центрите за правна клиничка едукација, кои, и во услови на пандемија, покажаа исклучителна ажурност, како во поглед на понудените содржини (давање правни совети и информации, симулација на судења), така и во поглед на привлекување на студенти кои успешно ги завршија турнусите понудени од центрите. Дел од центрите се регистрираа при Министерството за правда за давање примарна бесплатна правна помош, а беше склучен и Меморандумот за соработка на давателите на бесплатна правна помош со Министерството за правда.

Самоевалуацијата на Факултетот беше спроведена по електронски пат, со заклучок од Комисијата за самоевалуација дека респонзивноста од страна на студентите беше значително помала во споредба со претходните семестри кога самоевалуацијата се спроведуваше во живо.

Како новина во Извештајниот период, би ја потенцирале и првата онлајн Летна школа за права на бегалци и миграција на тема: „Предизвици за време на пандемија“, организирана во периодот од 24 - 28 август 2020 година, во соработка со Претставништвото на УНХЦР во Република Северна Македонија и во партнерство со Меѓународниот институт за хуманитарно право во Санремо. На летната школа учествуваа 67 студенти на додипломски и постдипломски студии од 21 земја и 20 предавачи од 11 земји од Европа, Северна Америка и Австралија. Што се однесува до научните активности, би споменале дека кон крајот на април 2020 година се одржа online академска работна маса на тема „Правно-политички и економски дискурс во време на COVID-19“, на која учество зедоа 13 наставници од Факултетот, покривајќи многу значајни теми од областа на правото, политиката, економијата и општествените текови.

Со цел да се одржи видливоста и препознатливоста на Факултетот на национално и на меѓународно ниво, во ноември 2020 година онлајн се одржа традиционалната меѓународна годишна конференција со наслов: „70 Years of the European Convention on Human Rights”. На Конференцијата презентирани беа вкупно 61 труд од страна на 65 учесници од Србија, Хрватска, Италија, Унгарија, Турција, Словенија и од нашата држава.

Во делот на меѓународната соработка, со задоволство би ја спомenale академската дебата „Friends of EU Enlargement – Friends of the Republic of North Macedonia“ која беше организирана на 04.03.2020 година. Гостински говорници на дебатата беа министрите за надворешни работи на Полска, Летонија, Литванија и заменик-министерот за европски прашања на Естонија. На настанот, покрај студентите од нашиот Факултет, беа поканети студенти од сите правни факултети во државата и присуствуваа околу 360. Исто така, беа одржани и повеќе вебинари на мошне интересни теми, како што се: актуелни прашања од областа на инвестициската арбитража, работа во голема адвокатска канцеларија и слично, со врвни стручњаци од странство како презентери на истите.

На 10 декември 2020 година се одржа е-Свечена седница на Наставно-научниот совет, а по повод 10 декември - Меѓународниот ден на правата на човекот. Истиот ден, Правниот факултет во соработка со Советот на Европа организираше онлајн предавање на тема „Слобода на изразување за студентите/ките од Правниот факултет „Јустинијан Први“. За време на Извештајниот период, беа потпишани меморандуми за академска соработка со Сааранд Универзитетот од Германија, со Правниот факултет при Универзитетот J. J. Штросмаер од Осијек, Хрватска и со Советот на Европа за имплементација на заеднички активности. Исто така, се потпиша и нов Еразмус + договор со Правниот факултет при Универзитетот J. J. Штросмаер од Осијек, Хрватска.

И во услови на глобална пандемија, за поздравување е активното учество и постигнувањето на врвни резултати на нашите студенти и на нивните наставници - ментори на меѓународни натпревари. Покрај традиционалното успешно учество на натпреварите по меѓународно право Moot Court Competition Phillipe Jessup, Вашингтон, САД и на Willem C. Vis International Commercial Arbitration Moot, во Извештајниот период би го спомenale и учеството на студентите на Зимската школа за инвестициска арбитража за претстојниот натпревар Frankfurt Investment Arbitration Moot, на натпреварот Moot Court for International Humanitarian and Refugee Law – All European International Humanitarian and Refugee Law, како и учеството во Програмата на Резидуалниот Механизам за Меѓународните трибунали за Поранешна Југославија и Руанда, во чии рамки се води вториот циклус на Интер-Универзитетски предавања.

Во извештајниот период се имплементираа повеќе проекти во коишто е вклучен Факултетот, и тоа: Проекти во рамки на Мрежата на Правни факултети на Југоисточна Европа – SEELS (South East European Law School Network - SEELS) - Legal Status and Protection of Internationally Displaced Persons, Refugees, Asylum Seekers and 'Invisible' Persons without Ids, SEE EU Cluster of Excellence in International and EU Law, Rule of Law: Arbitration as an Opportunity for Peaceful Dispute Settlement, Modernising European Legal Education (MELE), Jean Monnet Network – активно граѓанство: промовирање и унапредување на иновативни демократски практики на Западниот Балкан. Во Извештајниот период, поточно во месец мај 2020 година беше активиран бесплатен пристап до базата на податоци HEINONLINE, а од февруари 2021 година беше активиран платен пристап до истата база на податоци.

Во рамки на организираните свечености и промотивни активности на Факултетот би го спомenale Првиот академски час во учебната 2020/2021, на кој, како наш алумни, учество зема проф. д-р Стево Пендаровски, Претседател на Република Северна Македонија. По Првиот академски час се одржа ориентационен час со студентите.

Она што треба посебно да се потенцира и да се пофали е што во текот на пандемијата се објавија неколку учебници, студии, монографии и слично, а со одлука на ННС се утврди потреба за издавање на уште повеќе учебници, што само потврди дека голем дел од наставниците најдоа сила и мотив новонастанатата состојба да ја искористат за креативно научно творење и создавање. Традиционално, би го потенцирале редовното издавање на Електронското списание Iustinianus Primus Law Review, кое ја задржа веќе воспоставената добра традиција да објавува квалитетни трудови, рецензирани од анонимни рецензенти и со меѓународен уредувачки одбор. Списанието може да биде пребарувано во датотеките на EBSCO и HEIONLINE библиотеките. Постапката на евалуација од научно истражувачката платформа на Web of Science сè уште е во тек.

Во Извештајниот период, поточно на 04.12.2020, преку електронско гласање успешно се спроведоа избори за претседател и членови на Факултетското студентско собрание на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје.

Согласно Законот за јавните набавки, Комисијата за јавни набавки редовно ги спроведуваше постапките за јавни набавки, согласно усвоениот Годишен план за јавни набавки. Особено за одбележување е што во Извештајниот период успешно завршија и се реализираа постапките за јавни набавки за реновирање на студентските простории (читалната на Факултетот) и на студентските тоалети.

Во поглед на финансиската состојба во Изваштајниот период, општ заклучок е дека таа во 2020 година е (релативно) стабилна, имајќи ја предвид севкупната економска состојба во државата поради пандемијата. Во приходите на Факултетот во 2020 година, скоро и да нема разлика со вкупните приходи во 2019 година. Притоа, треба да се забележи дека Факултетот во оваа година ги исполнува сите побарувања кон надворешни лица за тековната година, и од претходните години. Како резултат на севкупните финансиски активности 2020 година завршува со високо салдо (најголемо во изминатите 4

години) и со минимални побарувања кои треба да се реализираат во 2021 година. Би потенцирал дека во изминатите 4 години се настојуваше вкупните расходи на Факултетот од сопствените сметки да се намалуваат. Така од сметката на самофинансирачки активности расходите се намалени за 35%, а на сметката 631 (сметка за закупнини) повеќе од 50%, што се должи на строгата контрола на материјалните трошоци, но и преку континуирано намалување на вкупните исплати за наставниот кадар по разни основи. Конечно, книговодственото и сметководственото работење на Факултетот е значително унапредено, што придонесува за прецизно следење на приходите и на расходите, а што овозможува редовно и прецизно информирање на Наставно-научниот совет за финансиската состојба на Факултетот. Исто така, во Извештајниот период беа реализирани три согласности за вработувања во Стручната и административна служба на Факултетот.

Би потенцирал дека сите погоре наведени активности и резултати се остварени со особени залагања на наставниците, Стручната служба на Факултетот и студентите, кои со својата посветеност и работа придонесоа во остварувањето на позитивни резултати и подигнување на угледот на Факултетот и во услови на „новата нормалност". Посебно сакам да се заблагодарам на продеканите и на раководителите на институтите и на колегиумите на мастер студиите за нивната активна соработка и придонес за развојот на дејноста на Факултетот.

Текстот на овој Извештај е подготвен според воспоставената методологија и структура, што овозможува да се вршат соодветни споредувања со претходни извештајни периоди.

# ДЕЛ А. НАСТАВНО-НАУЧНИ АКТИВНОСТИ

## АКРЕДИТИРАНИ НОВИ СТУДИСКИ ПРОГРАМИ

Во извештајниот период се акредитирани следниве студиски програми на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје:

ВТОР ЦИКЛУС СТУДИИ

- ***Правни студии***
  - *Меѓународно јавно право, меѓународно приватно право, меѓународни односи и право на ЕУ* - Решение за акредитација на студиската програма (двегодишни студии) бр. 08-53/7 од 14.12.2020 година. Во тек е постапката за добивање на Решение за почеток со работа од МОН.

Во извештајниот период во тек е постапка за повторна акредитација на студиската програма на втор циклус студии – Корпоративно право. Коригираниот Елаборат за повторна акредитација на студиската програма Корпоративно право – втор циклус едногодишни и двегодишни студии, согласно забелешките од Одборот за акредитација во високото образование е доставен до Одборот на 04.11.2020 година. Исто така, во тек е постапката за акредитација на студиските програми на трет циклус студии согласно новиот Правилник за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус академски студии – докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр. 530 од 31.12.2020 година).

## ТЕК НА НАСТАВНО-ОБРАЗОВНИОТ ПРОЦЕС

Во учебната 2020/2021 година се организира настава на Правниот факултет и тоа на прв циклус на студии (прва, втора и трета година) и на втор циклус на студии (четврта и петта година). Во наставно-образовниот процес на Факултетот вклучени се вкупно 75 наставници со полно работно време. Наставата во академската 2020/2021 година (зимски и летен семестар) се изведува според одлуката за распоред на работните задачи и распоредите за настава и тоа на правни студии: прва година 3 паралелки, втора година 2 паралелки и трета година 2 паралелки; политички студии (на македонски и на англиски јазик): во сите три години по една паралелка; студии по новинарство: во сите три години по една паралелка; односи со јавност во сите три години по една паралелка. Наставата во четврта и петта година (втор циклус на студии) се спроведува според распоредот за предавања доставен од колегиумите на втор циклус на студии.

Успешно се спроведуваат колоквиумите по предметите опфатени со наставниот план на Правниот факултет (на предметните програми каде што предметниот наставник ги предвидел), како и завршните испити, за студентите кои студираат според ЕКТС. Со оглед на новонастанатата состојба со коронавирусот CoVid-19, наставата во зимскиот семестар во учебната 2020/21 година со одлука на ННС се одвиваше со примена на видеоконференциската платформа Microsoft Teams. Исто така, беше дадена можност наставниците да одлучуваат за начинот на спроведување на колоквиумите и испитите, така што дел од наставниците, колоквиумите и испитите ги спроведуваа со физичко присуство, а поголемиот дел од наставниците ги спроведуваа колоквиумите и испитите со примена на видеоконференциската платформа Microsoft Teams.

Системот на закажување одбрани на магистерски трудови е централизиран. Дополнително, во службата за студентски прашања е воспоставен систем на контрола на исполнетост на условите за пријавување и одбрана на магистерски трудови. Беше дадена можност наставниците, односно менторите, а и кандидатите да одлучуваат за начинот на спроведување на јавните одбрани на

магистерски трудови, така што дел од наставниците, јавните одбрани на магистерски трудови ги спроведуваа со физичко присуство, а поголемиот дел од наставниците ги спроведуваа јавните одбрани на магистерски трудови со примена на видеоконференциски платформи.

Во извештајниот период се продолжи со напорите за целосна интеграција на на универзитетскиот електронски систем I-Know. Во универзитетскиот електронски систем I-Know се внесуваа податоци за сите студенти за кои се воделе електронски досиеја. Процесот е отежнат поради тоа што базите се изготвувани и форматирани различно, па потребни се интервенции за да се постигне целосна миграција.

Во извештајниот период се воспостави постојан систем за изработка на податоци за тековно издавање на дипломи за дипломирани и магистрирани студенти, а беа преземени и мерки за зголемување на ефикасноста во постапката за издавање уверенија на студентите и забрзување на процесот. Со оглед на тоа што е исклучен претходниот систем за електронска евиденција, а заради потребата за ажурирање и водење на студентските досиеја и изработката на уверенија за положени испити и уверенија за завршени студии, Деканатската управа донесе одлука дека истите ќе се изработуваат врз основа на оценката во индекс и во пријавата за испит, на кои им се дава предност.

Во текот на извештајниот период се примаа и се разгледува голем број барања поднесени од студентите на Факултетот. Истите се со различна содржина (признавање испити положени на други факултети, промена на статус на студии, студирање по новиот наставен план, продолжување на студиите и сл.).

## УПИСИ НА СТУДИСКИТЕ ПРОГРАМИ НА ПРВ, ВТОР И ТРЕТ ЦИКЛУС НА СТУДИИ

### Уписи на прв циклус на студии во учебната 2020/2021 година

Со Одлука на ННС од 1.6.2020 година е формирана Конкурсна комисија за упис на студенти на прв циклус на студии на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје за учебната 2020/21 година; во состав: проф.д-р Александра Груевска Дракулевски (претседател), проф.д-р Тина Пржеска, проф.д-р Неда Здравева, проф.д-р Драган Гоцевски, проф.д-р Александар Ристовски и доц.д-р Вангел Доковски.

По спроведениот упис, Конкурсната комисија го даде следниов извештај.

Согласно Конкурсот за запишување студенти на прв циклус студии на студиските програми на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје во учебната 2020/2021 година, беа предвидени три рока за пријавување на кандидатите, и тоа, 31.8. и 1.9.2020 година (прв рок), 15 и 16.9.2020 година (втор рок) и 28.9.2020 година (трет рок). На првиот уписен рок електронски поднесоа документи и беа прифатени вкупно 212 пријави и тоа: 12 на студиите по новинарство, 16 на студии по односи со јавност, 14 на политички студии на македонски јазик, 167 на правни студии и 3 на политички студии на англиски јазик. На денот на запишување, 10 и 11.9.2020 година, документи донесоа и се запишаа вкупно 209 кандидати, односно не се запишаа тројца кандидати, и тоа, еден на правни студии, еден на политички студии на македонски јазик и еден на студиите по односи со јавноста. Споредено со минатата година во прв уписен рок се забележува пад од 39.4% на прифатени пријави и на запишани студенти.

На вториот уписен рок, електронски поднесоа документи и беа прифатени вкупно 26 пријави и тоа: 5 на студии по новинарство, 2 на студии по односи со јавност, 3 на политички студии на македонски јазик и 16 на правни студии. На денот на запишување, 25.9.2020 година, се запишаа вкупно 23 кандидати, односно не се запишаа двајца кандидати на правни студии. Споредено со минатата година во втор уписен рок се забележува пад од 17,9% на запишани студенти.

На третиот уписен рок електронски поднесоа документи и беа прифатени вкупно 7 пријави и тоа: 2 на студии по односи со јавност, 4 на правни студии и 1 на политички студии на македонски јазик. На денот на запишување, 30.9.2020 година се запишаа вкупно 6 кандидати, односно не се запиша еден кандидат на политички студии. Споредено со минатата година во трет уписен рок се забележува пад од 30% на запишани студенти.

Може да се заклучи дека во трите уписни рока се запишаа вкупно 239 студенти на сите студии, и тоа: 17 на студиите по новинарство, 19 на студии по односи со јавност, 16 на политички студии на македонски јазик, 184 на правни студии и 3 на политички студии на англиски јазик. Споредено со минатата година, забележан е вкупен пад на запишани студенти од 37,6%. Најголем пад се бележи кај политички студии на англиски јазик (-62,5%), потоа, на правни студии (-40,6%), на студии по односи со јавност (-40.6%), на политички студии на македонски јазик (-23.8%) и на студии по новинарство (-21.4%).

### Уписи на студии од втор циклус (последипломски студии) во учебната 2020/2021 година

Врз основа на Конкурсот за запишување студенти на втор циклус студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје за учебната 2020/2021 година, на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје студентите можеа да се запишуваат на студиите од вториот циклус (последипломски студии) од областа на правните студии, политичките студии, студиите по новинарство и односи со јавност.

Конкурсот за запишување студенти на правните, политичките, студиите по новинарство и односи со јавност од втор циклус во учебната 2020/2021 година беше објавен во дневните весници и на веб страницата на Правниот факултет и на социјалните мрежи (Facebook, Instagram, Viber). Со оглед на ситуацијата предизвикана од КОВИД-19 секој заинтересиран кандидат се регистрираше на www.upisi.ukim.mk, ја пополнуваше електронската пријава од iKnow-системот, а потребните документи кандидатите ги испраќаа на електронска пошта (e-mail) на Факултетот (upisi-pravf@pf.ukim.edu.mk). Деканатот потоа ги испечати сите доставени пријави, ги подреди и им ги достави на раководителите и секретарите на мастер студиите заради одлучување.

Се пријавија и се запишаа вкупно 126 кандидати на сите студиски програми[1].

**Правни студии**

Запишувањето на студиската програма - правни студии се вршеше на следниве насоки: Административно право и јавна администрација, Граѓанско материјално право и граѓанско процесно право, Деловно право, Историја на правото, Казнено право, Корпоративно право, Катастарско право, Меѓународно право и односи и право на ЕУ, Меѓународно право, право на ЕУ и дипломатија, Римско право и приватно-правна традиција, Уставно право, Финансово право и Право на интелектуална сопственост.

Заклучно со денот на отпочнување на наставата на правните студии (во првиот уписен рок) се запишаа вкупно 113 кандидати и тоа: на насоката Административно право и јавна администрација вкупно 2 кандидати, на насоката Граѓанско материјално право и граѓанско процесно право вкупно 12 кандидати, на насоката Деловно право вкупно 26 кандидати, на насоката Историја на правото вкупно 0 кандидати, на насоката Казнено право вкупно 40 кандидати, на насоката Катастарско право вкупно 0 кандидати, на насоките Меѓународно право и односи и право на ЕУ (двегодишни студии) и Меѓународно право, право на ЕУ и дипломатија (едногодишни студии) вкупно 16 кандидати, на насоката Римско право и приватно-правна традиција вкупно 0 кандидати, на насоката Уставно право вкупно 2 кандидати, на насоката Финансово право вкупно 12 кандидати и на насоката Право на интелектуална сопственост вкупно 3 кандидати.

**Политички студии**

На студиската програма - политички студии запишувањето се вршеше на следниве насоки: Меѓународни односи, европски интеграции и дипломатија и Применета политика и политички систем.

Пријавени и запишани (во првиот уписен рок) се вкупно 9 кандидати од кои 6 кандидати на насоката Меѓународни односи, европски интеграции и дипломатија и 3 кандидати на насоката Применета политика и политички систем.

**Студии по новинарство**

На студиската програма - новинарство запишувањето се вршеше на насоките: Политичко новинарство, Економско новинарство и Судско известување.

Пријавени и запишани (во првиот уписен рок) се вкупно 0 кандидати.

**Односи со јавност**

На студиската програма – односи со јавност запишувањето се вршеше на насоките: Корпоративно комуницирање и Односи со јавност во политиката.

Пријавени и запишани (во првиот уписен рок) се вкупно 4 кандидати и тоа: 4 кандидати на насоката Корпоративно комуницирање и 0 кандидати на насоката Односи со јавност во политика.

Што се однесува до податоците за вториот уписен рок (втор циклус студии) во учебната 2019/2020 година, се пријавиле и се запишале вкупно 70 студенти и тоа: правни студии - на насоката Административно право и јавна администрација вкупно 3 кандидати, на насоката Граѓанско материјално право и граѓанско процесно право вкупно 7 кандидати, на насоката Деловно право вкупно 12 кандидати, на насоката Историја на правото вкупно 1 кандидат, на насоката Казнено право вкупно 20 кандидати, на насоката Катастарско право вкупно 0 кандидати, на насоките Меѓународно право и односи и право на ЕУ (двегодишни студии) и Меѓународно право, право на ЕУ и дипломатија (едногодишни студии) вкупно 8 кандидати, на насоката Римско право и приватно-правна традиција вкупно 0 кандидати, на насоката Уставно право вкупно 0 кандидати, на насоката Финансово право вкупно 6 кандидати и на насоката Право на интелектуална сопственост вкупно 3 кандидати; политички студии – на насоката Меѓународни односи, европски интеграции и дипломатија 4 кандидати и на насоката Применета

[1] Бројот на запишани студенти е според податоци од првиот уписен рок. Вториот уписен рок на втор циклус на студии завршува на 01.03.2021 година, а запишувањето на новопримените студенти е на 3, 4 и 5 март 2021 година.

политика и политички систем 2 кандидати; односи со јавност - на насоката Корпоративно комуницирање 3 кандидати и на насоката Односи со јавност во политика 1 кандидат.

Податоците за вториот уписен рок на втор циклус студии во учебната 2019/2020 година се дел од овој извештаен период за работата на Факултетот, со оглед на фактот што запишувањето се одвиваше на 3, 4 и 5 март 2020 година.

**Последипломски студии за студентите кои завршиле четиригодишни студии пред воведување на ЕКТС**

Во текот на учебната 2020/2021 година, на последипломските студии по стара наставна програма (пред воведување на ЕКТС) магистрирале вкупно 10 кандидати.

Заклучно со учебна 2014/15 година (*последна година кога е извршен упис на овие студии)* на последипломските студии (пред воведување на ЕКТС) запишани се вкупно 1795 студенти, а од нив се стекнале со научен степен магистер 609 кандидати.

**Уписи на студии од трет циклус - докторски студии во учебната 2020/2021 година**

Во учебната 2020/2021 година беше распишан конкурс за упис на студенти на трет циклус студии (докторски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

Во првиот и во вториот уписен рок, на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје на трет циклус студии (докторски студии) се запишаа 15 студенти на правни науки и 2 студенти на политички науки. Вкупниот број на запишани студенти во двата уписни рока во учебната 2020/2021 година е 17.

Вкупниот број на запишани студенти на трет циклус на студии на правни, политички и комуниколошки науки, од учебната 2011/12 година заклучно со учебната 2020/2021 година е 211.

Во извештајниот период со научен степен – доктор на науки се стекнале 12 студенти.

Вкупниот број на студенти на трет циклус на студии кои се стекнале со научен степен – доктор на науки заклучно со февруари 2021 година е 65.

Листата на верификувани ментори на докторските студии е дел од Елаборатот на студиската програма, како и листата на слободни ментори која што е дадена во прилог на секој конкурс за запишување на студенти на трет циклус студии и која воедно е достапна и на веб страницата на Школата за докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

## ПРАКТИЧНА НАСТАВА И КОНТИНУИРАНА ЕДУКАЦИЈА

Практичната настава во извештајниот период се одвиваше преку Центрите за клиничка едукација.

**Правна клиника за право на бегалции**

Центарот е основан со Одлука на Наставно-научниот совет во декември 2019 година. Во извештајниот период, Центарот работеше на повеќе потпроекти во рамки на партнерство со претставништвото на УНХЦР во Република Северна Македонија.

Во текот на летниот семестар во 2020 година, активностите на Правната клиника за право на бегалци се одржаа согласно планираниот календар и интензитет. Предавањата и праксата се одржаа во текот на месеците март, април и мај. Со оглед на ситуацијата со КОВИД-19 активностите на програмата беа целосно организирани онлајн преку платформата ZOOM. Активностите на Правната клиника за право на бегалци во текот на летниот семестар ја следеа и успешно ја завршија 8 студенти како четвртата генерација на алумни на Клиниката.

Теоретските предавања за време на летниот семестар на Правната клиника за право на бегалци беа одржани од страна на менторскиот тим составен од професорите: д-р Елена Михајлова Стратилати, д-р Ирена Рајчиновска Пандева и д-р Сашо Георгиевски. Покрај предавањата на менторскиот тим, свои презентации имаа и: Претставништвото на УНХЦР во Република Северна Македонија, Македонското здружение на млади правници, како спроведувачи на практичниот дел од наставата и Предавач од домашната пракса - адвокат Александар Гоџо од адвокатското друштво Гоџо, Кичеец и Новаковски кој го презентираше практичниот аспект на застапување бегалците пред судовите, особено низ случаи пред Европскиот суд за човекови права во Стразбур.

Во рамки на Правната клиника за бегалско право се одржа гостинско предавање на проф. д-р Николас Ксиполитас од Атина кој зборуваше на тема: „The effects of European migration policy on refugees and local population given the experience of Lesvos and Moria in particular".

Студентите со успешното завршување на клиничката програма имаа можност да пишуваат сопствени трудови/есеи на теми од областа на право на бегалци и миграции под менторство на професорите. Изработените трудови беа објавени на интернет страната на Центарот за право на бегалци и миграција.

Во зимскиот семестар во учебната 2020/2021 година, активностите на Правната клиника за право на бегалци започнаа согласно планираниот календар и ситуацијата, односно беа изведувани онлајн преку платформата ZOOM. Наставата во текот на зимскиот семестар ја следеа 23 студенти од студиските програми - правни студии, политички студии, односи со јавност, но и од други студиски програми и факултети. Имено, покрај студентите од Правниот факултет „Јустинијан Први“ - Скопје програмата ја следеа и двајца студенти кои не се запишани на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, и тоа од Универзитетот Американ Колеџ во Скопје (University American College Skopje) и од Универзитетот Њујорк во Абу Даби (New York University (NYU) - Abu Dhabi). Со оглед на влошувањето на здравствената ситуација, Правната клиника за право на бегалци успешно ја заврши 13 студенти, како дел од петтата генерација на Клиниката.

Теоретските предавања за време на Правната клиника за право на бегалци беа одржани од страна на менторскиот тим составен од: проф. д-р Елена Михајлова Стратилати, проф. д-р Ирена Рајчиновска Пандева и проф. д-р Сашо Георгиевски. Презентации на клиниката одржаа: Претставништвото на УНХЦР во Република Северна Македонија, Претставници од Секторот за азил при Министерството за внатрешни работи, Претставници од Македонското здружение на млади правници (МЗМП) и адвокатот Александар Гоџо од адвокатското друштво Гоџо, Кичеец и Новаковски како предавач од домашна пракса.

Меѓународен гостин во зимскиот семестар беше проф. д-р Беатрис Оника Џарка од Романија која зборуваше на тема: „A humanitarian law perspective on refugees under sanitary crisis restrictions“.

***Летна школа за право на бегалци и миграција 2020: Предизвици во време на пандемија (Summer School for Refugees and Migration 2020: Challenges in Times of Pandemics)***

Во периодот од 24 - 28 август 2020 година, Центарот во соработка со Претставништвото на УНХЦР во Република Северна Македонија и партнерство со Меѓународниот институт за хуманитарно право во Санремо, ја организираше првата Летна школа за права на бегалци и миграција посветена на темата: „Предизвици за време на пандемија„ (на англиски: „Summer School on Refugee Rights and Migration 2020: Challenges in Times of Pandemics“).

Со оглед на ситуацијата со КОВИД-19, Организациониот одбор на Школата донесе одлука истата да се спроведе преку онлајн платформа, а заради позитивното искуство за време на летниот семестар со наставата на Клиниката, Одборот одлучи Летната школа да се организира преку платформата ZOOM на англиски јазик. Отворениот повик за Школата траеше релативно кратко и започна на 20 јули 2020 година, а заврши на 17 август 2020 година. Притоа, за потребите на истиот беше ставена во функција интернет страницата на Центарот и беше спроведена промотивна кампања. На отворениот повик се пријавија повеќе од 260, а се квалификуваа вкупно 240 кандидати од 45 земји од целиот свет. Организацискиот одбор спроведе компетитивен избор и одлучи да ги прифати апликациите на само 67 студенти на додипломски и постдипломски студии од 21 земја од целиот свет: Република Северна Македонија, Канада, Италија, Турција, Камбоџа, Азербејџан, Србија, Косово, Бугарија, Естонија, Португалија, Русија, Полска, Украина, Филипини, Германија, Романија, Албанија, Грција, Казахстан и Индонезија. Школата успешно ја завршија 65 учесници. Меѓународниот карактер на Школата беше збогатен и со репрезентативна листа на предавачи кои вклучуваа универзитетски професори, судии, експерти од УНХЦР (седиште Женева), како и предавачи од Меѓународниот институт за хуманитарно право во Санремо. Во Школата учествуваа 20 предавачи од 11 земји од Европа, Северна Америка и Австралија.

Програмата на Школата опфати 16 предавања, една панел дискусија и 3 дополнителни сесии посветени на теми кои имаа намера да ја зголемат социјалната интеракција и дебатата меѓу учесниците. Предавањата опфатија голем спектар на теми со интердисциплинарен карактер преку соодветен баланс на теоретската рамка, праксата и предвидувањата за иден развој. Притоа, особено внимание беше посветено на темата на Школата за 2020 година – „Предизвици за време на пандемија“. Листа на теми и предавачи: International Refugee Protection Framework (Prof. d-r Ivana Krstic, University of Belgrade Faculty of Law, Serbia); Conflicts, Refugees and Migration Flows (Prof. d-r Irena Rajchinovska Pandeva, Iustinianus Primus Law Faculty); International Refugee Protection in Times of Pandemics (Prof. d-r Sasho Georgievski, Iustinianus Primus Law Faculty); Refugees and Other Persons in Need of Protection (Claudio J. Delfabro, International Institute of Humanitarian Law, Italy); Refugee Status Determination (Olga Vorontsova-Mykhailova, UNHCR); From war on terrorism towards the rule of law: the case of international protection (D-r Bostjan Zalar, International Association of Refugee and Migration Judges); EU Asylum and Immigration Law and Policy (Prof. d-r Jaap de Zwaan, Erasmus University in Rotterdam, the Netherlands); Refugees in Lesvos in the Context of COVID-19: Conditions and Perceptions (Prof. d-r Nikos Xypolytas, University of the Aegean, Greece); Refugees' and Migrants' Impacts on Local Development in Rural and Mountainous Areas of Italy: The Change of Perspective Imposed by the Pandemic (Prof. d-r Andrea Membretti, EURAC Research, Italy / GLOMOS Centre, United Nations University, Germany); The Global Compact on Refugees and the Global

Refugee Forum (Patrick Wall and Ziad Ayad, UNHCR); Seeking Solutions (Melissa Amisano, International Institute of Humanitarian Law, Italy); Responsibility-sharing and Solidarity related to International Protection – Contemporary Challenges (Dr. Madeline Garlick, UNHCR); Case Study: Canada's Response to Migration, Including Aspects of the Current COVID-19 Pandemic (D-r Katerina Belazelkoska, Ryerson University, Toronto, Canada); Global Futures and Humanitarian Foresight (Aarathi Krishnan, Humanitarian Futures and Strategic Foresight Advisor); Three Crises: Refugees, Climate, Pandemic (Prof. d-r Anna Krasteva, Policy and Citizens' Observatory: migration, digitalization, climate, New Bulgarian University, Bulgaria). Дебата: Refugee Protection in the Context of Mixed Migration Movements in the Western Balkans (Zoran Drangovski, Macedonian Young Lawyers Association; Panagiotis Paschalidis, Eliamep – Greece; Prof. d-r Biljana Djordjevic - MIGREC University of Belgrade). Дополнителни сесии: Meet and Greet Session; Movie and Discussion Evening; The Echoes of Refugee Crises in Visual Arts (Prof. Slavica Janeshlieva, PhD and prof. Goce Nanevski, MFA, Faculty of Fine Arts, University Ss. Cyril and Methodius; Shergo Mousa, Refugee artist).

На отворањето на Школата на 24 август 2020 година се обратија: проф. д-р Горан Коевски - Декан на Правниот факултет „Јустинијан Први" – Скопје, проф. д-р Никола Јанкуловски - Ректор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје и проф. д-р Ирена Рајчиновска Пандева, раководител на Центарот за право на бегалци и миграција при Правниот факултет „Јустинијан Први" - Скопје. Воведни говори одржаа г-ѓа Моника Сандри - Претставничката на УНХЦР во Република Северна Македонија и Клаудио Делфабро, Директор на Одделот за меѓународно право на бегалци при Меѓународниот институт за хуманитарно право во Санремо.

На 28 август 2020 година на сесијата за затворање на Школата свој говор одржа д-р Џилиан Тригс, Помошник Генерален секретар на ООН и Помошник Висок комесар за заштита при канцеларијата на Високиот комесаријат на Обединетите нации за бегалци. Обраќањето беше организирано во знак на поддршка на иницијативата за академска соработка помеѓу трите институции/организации и во насока на признание на меѓународниот карактер на Школата и исклучителната програма која се организираше онлајн и покрај сите предизвици. Во текот на нејзиното обраќање, д-р Тригс ја потенцираше важната улога на образованието во развојот на нова генерација млади лидери кои треба да бидат активно вклучени во процесот на донесување одлуки, како и во процесот на заштита на оние кои имаат најголема потреба. Г-ѓа Тригс укажа на потребата од иницијативи како Летната школа за права на бегалци и миграција и искажа желба за нејзино традиционално организирање.

***Истражувачки проект „Бегалците и миграцијата во контекстот на балканската рута – дискурсот во Северна Македонија за време на предвремените општи избори 2020 година"***

Истражувачкиот проект „Бегалците и миграцијата во контекстот на Балканската рута – Дискурсот во Северна Македонија за време на предвремените општи избори 2020 година" беше спроведен во соработка со алумни заедницата на Правната клиника по право на бегалци и миграција. Имено, проектот беше имплементиран од тим на професори и студенти алумни на Клиниката составен од 9 лица и беше посветен на истражување на јавниот, политичкиот и медиумскиот дискурс во Република Северна Македонија за период од девет месеци, а особено во светло на предизборната кампања за предвремени парламентарни избори 2020 година. За потребите на проектот беше спроведен повик за интерес до алумни заедницата на Правната клиника. На повикот се пријавија девет студенти со доставување на CV и мотивационо писмо. Координативниот тим на проектот составен од професорите/ментори на Клиниката, од вкупниот број на апликации избра шест студенти истражувачи. Студентите беа задолжени да следат, а потоа заедно со професорите да анализираат шест различни фокусни групи во периодот од октомври 2019 година до денот на одржување на парламентарните избори во Република Северна Македонија. Анализата се однесуваше на темите: национализам, бегалци и мигранти и ксенофобија, а фокусните групи ги опфатија големите политички партии, помалите политички партии и групи, социјалните и мејнстрим медиумите. Непосредно по завршување на истражувачкиот период беше изготвен и електронски објавен синопсис на проектот со прелиминарни заклучоци, додека целосната студија е испечатена во хартиена форма.

***Други активности***

Во текот на 2020 година заради состојбата со Ковид-19 беше направена ревизија на буџетот на проектот со цел негово прилагодување и соодветно имплементирање. Притоа, еден дел од заштедите кои се направија во однос на организација и имплементација на Летната школа и делумно на практичната настава на Клиниката, дополнети со соодветен буџет од УНХЦР беа пренаменети за реконструкција и опремување на Депозитната библиотека како простор во кој вообичаено се одржува еден дел од теоретската настава на Клиниката. Овој дел од проектот е и продолжување на соработката со УНХЦР од претходната година, кога просторот беше опремен со аудио-визуелна опрема. Друг дел од заштедите во рамки на проектот се пренаменија за буџет за набавка на литература за Центарот. Во рамки на

соработката од претходните години, веќе беа направени набавки на скромен број релеватни наслови од областа на правото на бегалци и миграции, а со оваа набавка библиотечниот фонд на Центарот значајно ќе се зголеми.

---

**Центар за правна клиничка едукација - правна клиника за ранливи групи**

Активностите во Правната клиника за ранливи групи во изминатиот период беа редуцирани поради специфичниот начин на работа на Факултетот во време на пандемијата. Клиниката беше регистрирана при Министерството за правда за давање примарна бесплатна правна помош и е вклучена во Меморандумот за соработка на даватели на бесплатна правна помош со Министерството за правда.

Во текот на пандемијата студенти кои учествувале во претходните турнуси во Клиниката заедно со двајца ментори – проф. д-р Неда Здравева и проф. д-р Александар Ристовски даваа правни информации и совети на лица опфатени со различни владини мерки. Вкупно е одговорено на 9 случаи.

---

**Центар за правна клиничка едукација – правна клиника по казнено право**

Активностите во Центарот за правна клиничка едукација по казнено право (Правна клиника по казнено право) се спроведуваат преку предметите Казнено материјално право – применета програма и Казнено процесно право – применета програма, како задолжителни предмети на Мастер студиите по казнено право. Иако предметите Казнено право – применета програма се едносеместрални и се изучуваат во летниот семестар, студентите продолжуваат со активностите на Клиниката и во зимскиот семестар. Во периодот на април – декември 2020 година, во активностите на Клиниката учествувале 65 студенти.

Во периодот април – декември 2020 година Правната клиника по казнено право ги реализира следниве активности: Континуирана теоретска и практична обука од страна на менторите во Правната клиника и адвокатот Дељо Кадиев наменети за студентите од областа на кривичната постапка во делот од ЗКП што се однесува на подготовка на обвинителен акт и приговор на обвинителен акт, унапредување на вештините за состав на воведни и завршни говори, директно и вкрстено испитување. Обуките се спроведуваа преку обработка на хипотетички случаи, а потоа и преку работа на веќе завршен анонимизиран кривичен предмет; Спроведена една симулација на судење (mock trial) преку онлајн платформа за видео конференциска врска во соработка со Амбасадата на САД во Република Северна Македонија; Давање на секундарна правна помош на 1 (еден) судски предмет, кој што предмет сѐ уште е активен; Остварено присуство на 12 (дванаесет) главни расправи; Следење на судски расправи во Основниот Кривичен суд во Скопје на месечно ниво во периодот од месец септември до месец декември, 2020 година; Обезбедена е бесплатна примарна правна помош на 1 (еден) корисник; Одржана е и работилница преку соработка на Амбасадата на САД во Република Северна Македонија на тема „Етички аспекти во кривичната постапка“.

---

**Центар за правна клиничка едукација – правна клиника за антикорупција**

Центарот за клиничка настава за спречување на корупција и судир на интереси (во натамошниот текст: Центар) беше основан со одлука на Наставно-научниот совет донесена на 31 седница одржана на 27.12.2019 година.

Во текот на 2020 година Центарот, со оглед на настанатата ситуација предизвикана од Ковид-19 пандемијата, не беше во можност на одржување на вежби со физичко присуство, односно на посета на институции. Сепак, во 2020 година Центарот функционираше по електронски пат, така што на студентите кои го слушаа предметот Антикорупциско право на вториот циклус студии од насоката Административно право и јавна администрација им беа предадени материјали за вежби, односно за развивање на практични вештини во сферата на спречување на корупцијата и судирот на интереси. Станува збор за вкупно 5 студент(к)и кои го положија предметот во рамки на јунската и септемвриската испитна сесија во текот на учебната година 2019/2020, како и 2 студент(к)и кои го слушаа предметот, а го пријавија за полагање во текот на испитните сесии во 2021 година. Дополнително, во текот на 2020 година беше подготвен првиот учебник по Антикорупциско право во Република Северна Македонија, каде како коавтори се јавија: проф. д-р Борче Давитковски, проф. д-р Гордана Лажетиќ, проф. д-р Ана Павловска Данева, проф. д-р Дивна Илиќ Димоски и м-р Константин Битраков. Издавањето на овој учебник е поддржано од Мисијата на ОБСЕ во Скопје, а неговото издавање се очекува во текот на месец февруари 2021 година. Овој учебник ќе послужи како основа за целокупното делување на Центарот, имајќи предвид дека станува збор за ракопис кој е спој на теоретските согледби поврзани со антикорупциското законодавство и политики и практични вежби/задачи за студентите.

Центарот активно ги следи состојбите поврзани со Ковид-19 пандемијата и продолжува со подготовка на материјали за студентите. Вежбите со физичко присуство, посетите на институциите и

останатите активности (бесплатни правни совети на граѓани и средбите) ќе започнат штом бидат создадени соодветни услови.

## САМОЕВАЛУАЦИЈА

Самоевалуацијата на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, за летниот семестар во учебната 2019/2020 година беше спроведена од Комисијата за самоевалуација (одлука 02-1526/7 од 24.01.2018 година) во состав: проф.д-р Тони Дескоски (член), проф. д-р Јасна Бачовска Недиќ (претседател), проф. д-р Ирена Рајчиновска Пандева (член), проф. д-р Александра Груевска Дракулевски (член), доц. д-р Катерина Шапкова Коцевска (член) и студентите Ејуп Ќазими (член) и Викторија Костадиноска (член) според одлука за избор на студентски членови во Комисијата за самоевалуација (02-123/7 од 03.02.2020 година).

Самоевалуацијата се спроведе во периодот од 12 до 29 мај 2020 година по електронски пат поради ситуацијата со COVID-19. Студентите беа анкетирани пред испитната сесија, и тоа на првиот и на вториот циклус на студии. Комисијата заклучи дека респонзивноста од страна на студентите беше значително помала во споредба со претходните семестри кога самоевалуацијата се спроведуваше во живо. На вториот циклус студии се евалуирани само три студиски програми и тоа: деловно право, казнено право и меѓународно право и односи и право на ЕУ. На другите студиски програми на втор циклус студии, студентите не одговорија на самоевалуацијата. Наставниот процес и наставниците на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје на прв циклус и на втор циклус на правни студии, политички студии, студии по новинарство и студии по односи со јавност се позитивно оценети.

Процесот на самоевалуацијата се одвиваше според одлуките за распоред на работни задачи за учебната 2018/19 година и за учебната 2019/2020 година, а утврдени врз основа на член 110, став 1, точка 10 од Законот за високото образование („Сл. весник на РМ“ бр. 82/2018) и предлозите на институтите на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје. Самоевалуациите беа спроведени пред испитните сесии. Во однос на бројот на студенти, Комисијата констатира дека имаше задоволитетен и репрезентативен број на студенти. Во процесот на евалуирање не се појавија проблеми, а наставниците и студентите покажаа висок степен на соработка и одговорност. Комисијата навремено беше известувана за моменталните промени во распоредот (во однос на промена на термини и простории, поради оправдани причини).

## НАУКА НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“ ВО СКОПЈЕ

**Тековни активности**

Во извештајниот период беа дистрибуирани повеќе повици за стипендии, специјализации и конференции преку web страницата на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје и преку електронска пошта.

Во рамки на Конкурсот за избор на најдобри научници и уметник на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје за 2019 година, Правниот факултет испрати една апликација на проф. д-р Александар Стојков.

На 29 април 2020 година беше организирана on-line академската работна маса на Правниот факултет „Јустинијан Први“ на тема „ПРАВНО-ПОЛИТИЧКИ И ЕКОНОМСКИ ДИСКУРС ВО ВРЕМЕ НА COVID-19“. Дебатата се организираше преку платформата Microsoft Teams, а учествуваа 13 наставници од Факултетот, покривајќи многу значајни теми од областа на правото, политиката, економијата и општествените текови. Настанот имаше за цел подобро разбирање на националната перспектива во однос на справувањето со пандемијата COVID-19, но и анализа на импликациите на постојната состојба врз правните, политичките, економските и пошироките општествени аспекти, вклучително прогласувањето на вонредна состојба, справувањето со економските предизвици за време на криза, одржувањето на политичка стабилност на системот, почитувањето на човековите права и слободи и известувањето и односите со јавноста во време на пандемија. Самиот настан беше отворен за студенти кои присуствуваа во голем број. По завршувањето на настанот беше објавен (на интернет страницата на Факултетот) електронски зборник на трудови од учесниците, како и препораки кои учесниците на дебатата ги дадоа како сумарно согледување од областа на нивната стручност.

Во месец мај 2020 година беше активиран бесплатен пристап до базата на податоци HEINONLINE. Пристапот беше овозможен како промотивен, со траење до крај на 2020 година, а можноста за пристапување беше дадена преку факултетската мрежа. Пристапот се однесуваше на International Core пакетот.

Во декември 2020 година беше активиран пристап до EBSCO сервисот преку Универзитетот кој има авторизиран пристап до дваесеттина електронски бази на EBSCO сервисот, базиран на претплатнички договори. Пристапот до EBSCO сервисот е овозможен за над педесетина електронски бази за списанија и книги.

До крај на февруари 2021 година се очекува да биде активиран платен пристап до базата на податоци HEINONLINE за International Core пакетот и со примена на истиот начин на пристапување. Активираниот пакет има рок до 31.01.2022 година.

**Меѓународна годишна конференција на Правниот факултет „Јустинијан Први" во скопје, „70 years of the European Convention on Human Rights"**

Со Одлука на Наставно-научниот совет од 2.3.2020 година беше формиран Организационен одбор за организирање на традиционалната Меѓународна годишна конференција на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје, „70 years of the European Convention on Human Rights", во состав: проф. д-р Горан Коевски, проф. д-р Александра Груевска Дракулевски, проф. д-р Ирена Рајчиновска Пандева, проф. д-р Неда Здравева, проф. д-р Тина Пржеска, проф. д-р Јован Зафироски, проф. д-р Александра Деаноска Трендафилова, проф. д-р Иван Дамјановски, проф. д-р Есин Кранли Бајрам, доц. д-р Вангел Доковски и доц. д-р Марко Кртолица. Со одлука на Наставно-научниот совет од 4.5.2020 година, како членови на Меѓународниот организационен одбор, именувани се: Prof. dr. Kerstin Peglow, Université Paris Ouest Nanterre La Défense, France; Prof. dr. Grega Strban, Pravni fakultet, Univerzitet u Ljubljani; Prof. d-r Uroš Pinterič, Alexander Dubček University, Trenčin, Slovakia; Prof. d-r Ivana Krstić, Pravni fakultet, Univerzitet u Beogradu; Prof. dr. Vuk Radovic, LL.M., Pravni fakultet, Univerzitet u Beogradu; Prof. dr. Asli Topukcu, Faculty of Law,Kadir Has University in Turkey; Assoc. prof. dr. Nilay Arat, Faculty of Law, Kadir Has University in Turkey; Izv. prof. dr. sc. Snježana Vasiljević, Pravni fakultet, Sveučilište u Zagrebu; Assoc. y prof. dr. Dragoş Dragoman, department of Political science, International relations and Security Studies, Lucian Blaga University of Sibiu, Romania и Доц. д-р Душко Челиќ, Правни факултет Приштина, Косово.

Конференцијата, заради пандемијата со КОВИД-19, се одржа на 6 ноември, со користење на платформата CISCO WEBEX. На Конференцијата, презентирани беа вкупно 61 труд од страна на 65 учесници од следниве држави: Република Северна Македонија (Правен факултет „Јустинијан Први" /24 учесници/; УКИМ – Филозофски факултет; Универзитет во Тетово, УКЛО – Факултет за Безбедност; Универзитет на Југоисточна Европа – Правен факултет; Меѓународен Славјански Универзитет – Правен факултет; Американ Колеџ; Витаминка АД.), Република Србија (Правен факултет во Белград; Правен факултет во Нови Сад; Правен факултет УНИОН Белград; Правен факултет во Приштина (привремено седиште во Косовска Митровица), Република Хрватска (Правен факултет во Осијек; Правен факултет во Сплит), Италија (Magna Gracia University), Унгарија (CEU) Турција (Kadir Has University) и Република Словенија (Правен факултет во Љубљана).

На отварањето на Конференцијата, учествуваше проф. д-р Никола Јанкуловски, Ректор на УКИМ.

Работата на Конференцијата беше организирана во пленарна сесија и во осум паралелни сесии. Говорници на пленарната сесија беа: д-р Linos-Alexandre Sicilianos, судија и поранешен Претседател на Европскиот суд за човекови права и д-р Мирјана Лазарова Трајковска, судија на Врховниот суд на Република Северна Македонија.

Котизацијата за учество изнесуваше 50 евра, додека за докторандите 40 евра. Професорите од Факултетот, како и учесниците од странство кои се членови на Меѓународниот организационен одбор не ја плаќаа сумата за котизација. На сметката на Правниот факултет, уплатени се вкупно 102.809,00 денари, што е зголемување во однос на претходната година. На интернет страната на Правниот факултет објавени се сите информации во однос на Конференција - http://pf.ukim.edu.mk/home-about-us/

Апстрактите на учесниците се објавени во електронско издание на Book of abstracts од Конференцијата. Трудовите кои ќе бидат позитивно рецензирани ќе бидат објавени во посебно издание на Iustinianus Primus Law Review.

Од страна на учесниците на Конференцијата, истата беше оценета како успешна и се истакна надеж за продолжување на нејзиното организирање и во иднина.

## МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ" ВО СКОПЈЕ

Во рамки на извештајниот период беа спроведени редовни активности од областа на меѓународната соработка во хибридна форма во првата половина на 2020 година, додека во втората половина заради мерките за заштита, најголемиот дел беа реализирани далечински, односно онлајн.

**Конференции и дебати**

**Academic debate: Friends of EU Enlargement – Friends Of The Republic Of North Macedonia**

Академската дебата беше организирана на 04.03.2020 година со почеток во 13 часот. Гостински говорници на дебатата беа министрите за надворешни работи на Полска – Јацек Чапутович, Летонија – Едгарс Ринкевич, Литванија – Линас Линкевичиус и заменик-министерот за европски прашања на Естонија – Март Волмер. На настанот покрај студентите од Правниот факултет „Јустинијан Први", беа

поканети студенти од сите правни факултети при државните универзитети, како и студенти од поголемите приватни универзитети во државата, а присуствуваа околу 360. Настанот беше воден и модериран од деканот на Факултетот – проф. д-р Горан Коевски.

**Webinar – Актуелни прашања од областа на инвестициската арбитража**

На 28 мај 2020 година, со користење на платформата ZOOM се одржа webinar на тема: „Актуелни прашања од областа на инвестициската арбитража". На актуелни теми говореа професорот Тони Дескоски, Илија Митрев Пенушлиски (Shearman & Strerling) и Марија Шобат (Shearman & Sterling). Покрај студентите на Правниот факултет, учество земаа и 60 адвокати, медијатори, практичари, кои имаа можност да бидат дел од дискусиите за инвестициската арбитража и растечката арбитражна практика во нашата земја.

**Webinar – Работа во голема адвокатска канцеларија**

На 18 јуни 2020 година, со користење на платформата ZOOM се одржа webinar на тема: „Работа во голема адвокатска канцеларија". На студентите на Правниот факултет и на адвокати за предизвиците за работа во голема адвокатска канцеларија, начинот на функционирање на истата, како и практични примери од работата на големи случаи говореа: Илија Митрев Пенушлиски (Shearman & Strerling), Џенифер Јунан (Shearman & Sterling) и Марија Шобат (Shearman & Sterling). Настанот го модерираше проф. д-р Тони Дескоски.

**Webinar – Работа во голема адвокатска канцеларија on-line study visit to North Macedonia of the European Parliament Former Members Association (FMA) – Session by FMA President and former President of the European Parliament, Dr Hans-Gert Pöttering**

На 6 октомври 2020 година преку платформата ZOOM се одржа сесија на која присуствуваа студенти од Правниот факултет. Настанот го организираше Делегацијата на Европската Комисија во Скопје, а на истиот присуствуваа седум студенти од Факултетот.

**Онлајн предавање на тема слобода на изразување за студент(к)ите од Правниот факултет „Јустинијан Први"- Скопје**

По повод 10 декември – Меѓународниот ден на правата на човекот, Правниот факултет во соработка со Совет на Европа организираше онлајн предавање на тема „Слобода на изразување за студентите/ките од Правниот факултет „Јустинијан Први". Предавањето се одржа преку платформата KUDO, заради можноста за симултан превод. На самиот настан учествуваа околу 20 студенти од сите студиски програми на Факултетот. Гостински предавач на настанот беше проф. д-р Јелена Сурчулија-Милојевиќ – експертка на Совет на Европа и професор на Факултетот за политички науки при Универзитетот во Белград, Србија. Нејзиното обраќање беше на тема „Европските стандарди на слобода на изразување и соодветната судска пракса на Европскиот суд за човекови права". Настанот го отвори проф. д-р Ирена Рајчиновска Пандева.

**Студии на Југоисточна Европа (двојна диплома)**

Врз основа на одлуката на Наставно-научниот совет за вклучување на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје во заедничка програма на мастер студии со двојна диплома „Студии за Југоисточна Европа" со Универзитетот во Грац, претставници на Факултетот учествуваа на два координативни состаноци со претставници на партнерски универзитети, во насока на постигнување договор за учество во мастер студиите во делот на програмата која ја покрива областа право и политика во Југоисточна Европа и организација на програмата. Состаноците се одржаа на 18.06.2020 година и на 01.07.2020 година. На состаноците присуствуваа проф. д-р Ирена Рајчиновска Пандева и проф. д-р Ненад Марковиќ. Во текот на годината продолжи комуникацијата и координацијата, но почетокот на програмата беше одложен за 2021 година.

**Мобилност**

Во извештајниот период беа објавени повици за мобилност преку програмата Еразмус за студенти и наставен кадар, но заради ситуацијата со Ковид-19 и неизвесноста за одржување на настава во живо на гостинските универзитети и на Универзитетот Св. Кирил и Методиј во Скопје, мобилноста не беше реализирана, ниту за гостувачки, ниту за гостински студенти и наставници.

За време на извештајниот период потпишан е нов договор/Еразмус + договор со Правниот факултет при Универзитетот Ј. Ј. Штросмаер од Осијек, Хрватска.

**Меѓународни договори, меморандуми за соработка**

Во септември 2020 година потпишан е Меморандум за академска соработка со Саарланд Универзитетот од Германија. Договорот ги опфаќа сите форми на меѓународна соработка и има рок на траење од пет години.

Во септември 2020 година потпишан е Договор за академска соработка со Правниот факултет при Универзитетот J. J. Штросмаер од Осијек, Хрватска. Договорот ги опфаќа сите форми на академска соработка и е потпишан на неограничено време.

Во ноември 2020 година потпишан е Меморандум за соработка со Совет на Европа за имплементација на заеднички активности во рамки на проектот „Слобода на изразување и слобода на медиумите во Северна Македонија (ЈУФРЕКС)“ кој е дел од програмата Horizontal Facility во Северна Македонија.

**Учество на студенти на меѓународни натпревари, летни школи, конференции и други настани**

**Натпревар по меѓународно право „Moot Court Competition Phillip Jessup", Вашингтон, САД**

Во текот на извештајниот период беа опфатени активности за 2020 година и започнати подготовки за натпреварот за 2021 година. Студентските тимови беа водени од проф. д-р Сашо Георгиевски и доц д-р Љупчо Стојковски. Активностите опфатија: селекција на студенти кои ќе го претставуваат Правниот факултет на Philip C. Jessup натпреварот за академската 2020-2021; координација и планови за работа пред официјалното објавување на случајот, јуни-септември 2020; редовни состаноци (3-5 неделно), координации и асистенција при подготовка на писмените поднесоци за натпреварот, септември 2020-јануари 2021; редовни состаноци (3-5 неделно), координации и асистенција при подготовка на усните излагања (онлајн формат) за натпреварот, јануари-март 2021.

Тимот на студенти кои учествуваа во 2020 година го сочинуваа: Миа Георгиевска, Атанас Аврамов, Ивана Ажиевска и Елена Јаман. Усниот дел од натпреварот беше откажан заради пандемијата, а требаше да се одржи од 12-18 април 2020 година во Вашингтон, додека писмениот дел беше одржан.

Пласирајќи се на 26-то место на конечната ранг листа, Правниот факултет „Јустинијан Први" заврши пред екипите од голем број престижни универзитети како што се: Case Western Reserve (34), Columbia Law School (67), St. Mary's University (111) од САД, King's College (49) од Велика Британија, University of Queensland (60) од Австралија, Auckland University (38) од Нов Зеланд, University of Helsinki (29) од Финска, Maastricht University (45) од Холандија, Charles University (46) од Чешка, University of Pretoria (40) од Јужна Африка, Kyoto University (46) од Јапонија и многу други.

Тимот на студенти кои учествуваат во 2021 година го сочинуваат: Виктор Кочински, Елена Јаман, Соња Анастасова, Христијан Зафировски и Леона Кичеец. Усниот дел (во онлајн формат) од натпреварот ќе се одржува од 15 март до 18 април 2021 година. Писмениот дел заврши на 6 јануари 2021 година.

**Willem C. Vis International Commercial Arbitration Moot**

Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, со свој тим на студенти по 12-ти пат учествуваше на најголемиот натпревар во светот во областа на меѓународната трговска арбитража. Натпреварот, заради појавата на КОВИД-19 се одржа online, а нашиот тим учествуваше во писмената фаза од натпреварот. Тимот го сочинуваа студентите на втор циклус правни студии: Софијана Марковска, Христина Михајлоска, Филип Србиноски, Филип Зафировски и Ева Цветковска, под менторство на проф. д-р Тони Дескоски во соработка со доц. д-р Вангел Доковски, д-р Ана Пепељугоска (адвокат во адвокатско друштво „ПЕПЕЉУГОСКИ“) и асс. м-р Љубен Коцев. Во текот на подготовките, тимот учествуваше на два подготвителни натпревари, на кои оствари победа и тоа: од 19-21.2.2020 година – подготвителен натпревар во Зеница, Босна и Херцеговина (прво место во конкуренција на факултети од Босна и Херцеговина, Германија, Катар, Хрватска); од 6-8.3.2020 година – подготвителен натпревар во Софија, Бугарија (прво место во конкуренција на 9 факултети од Бугарија, Словенија, Германија, Франција, Турција)

Средствата за учеството на подготвителнте натпревари беа обезбедени од домашни адвокатски канцеларии (сместување за студентите).

**Winter School on adr and Skopje pre-moot**

Во периодот помеѓу 13-19 ноември 2020 година, преку конференциската врска Microsoft Teams се одржа Зимска школа за инвестициска арбитража за претстојниот натпревар Frankfurt Investment Arbitration Moot кој ќе се одржи во месец март 2021 година. Зимската школа и регионалниот подготвителен натпревар беа организирани во соработка на Правниот факултет со GIZ и правните факултети од Белград, Нови Сад и Зеница. Работата на Зимската школа беше организирана преку предавања и работилници на актуелни теми од инвестициската арбитража. Вториот дел од школата наменет за меѓународната трговска арбитража се одржа во периодот помеѓу 2-6 февруари 2021 година.

**All European International Humanitarian and Refugee Law, Moot Court Competition**

Тимот на студенти на Правниот факултет кој учествуваше на натпреварот Moot Court for international humanitarian and refugee law – All European International Humanitarian and Refugee Law успеа да се квалификува во четврт финалето. Тимот учествуваше на онлајн настанот кој беше презакажан како таков само неколку дена пред одржувањето. Настанот се одржа во периодот од 25.11.2020 година до

29.11.2020 година. Учесници во тимот за 2020 година беа Виктор Кочински, Габриела Гроздановска и Елена Стефановска. Тимот работеше под менторство на проф. д-р Елена Михајлова Стратилати, а организацијата беше поддржана од проектот Правна клиника за право на бегалци и миграции.

---

**CEEPUS Networks**

Во текот на извештајниот период беше продолжена работата во рамки на мрежите на CEEPUS програмата во кои Правниот факултет учествува. Мрежата за биоетика и мрежата за Етика и политика во европски контекст, беше паузирана заради состојбата со Ковид -19. Сепак, комуникацијата продолжи и најавите се дека во 2021 година ќе се продолжи со планираните активности.

---

**Мрежи**

За време на извештајниот период претставник на Факултетот присуствуваше на одржани собранија/состаноци: Ротердамска мрежа на правни факултети – на 19.06.2020 година. На состанокот присуствуваа претставници на повеќе од 30 факултети - членки на мрежата; ТЕПСА – собрание одржано на 24 јуни 2020 и на 25 ноември 2020 година, со присуство на претставници од повеќе од 40 членки на мрежата.

---

**Програма на Резидуалниот Механизам за меѓународните трибунали за Поранешна Југославија и Руанда (МИП)**

Програмата на Резидуалниот Механизам за Меѓународните трибунали за Поранешна Југославија и Руанда го води својот 2 циклус на Интер-Универзитетски предавања кој започна на 22 октомври 2020 година со предавањето на Судијата Кармел Агиус, претседател на Меѓународниот резидуален механизам за кривичните трибунали и ќе трае до февруари 2021 година (15 предавања одржани неделно од страна на главните судски експерти на Трибуналите). Интер-Универзитетските предавања обединуваат студенти на постдипломски студии од девет правни факултети низ поранешна Југославија, со цел да започне дијалог за поновата историја на регионот, улогата на Меѓународниот кривичен трибунал за поранешна Југославија (МКТЈ) и принципите на меѓународното кривично право и меѓународното хуманитарно право.

Првиот циклус започна во ноември 2020 година со предавањето одржано од претседателот на Механизмот, судијата Кармел Агиус. Другите предавања беа одржани од искусни адвокати и судски експерти на Механизмот, опфаќајќи теми како што се уништување на културното наследство, гонење на сексуалното насилство сторено во време на војна, улогата на Трибуналите во развојот на меѓународното право, улогата и функциите на Резидуалниот Механизам, итн. Повеќе од 120 студенти на постдипломски студии учествуваа во овој циклус на Програмата преку видео-конференција, вклучувајќи студенти од Правниот факултет во Загреб, Правниот факултет во Сараево, Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје, Универзитетот во Подгорица, Универзитетот во Ниш и Универзитетот во Приштина. За следењето на предавањата студентите добија сертификат од Механизмот, како и дополнителна можност да работат на труд кој ќе биде објавен од Механизмот (под менторство на проф. д-р Елена Михајлова Стратилати и во соработка со Механизмот). Во процесот на селекција на најдобрите трудови од првиот циклус, двајца наши студенти (Миа Георгиевска и Емир Демировиќ) се наградени со едномесечно стажирање во Механизмот во Хаг, кое е предвидено да се реализира во март 2021 година.

---

**Проект „Слобода на изразување и слобода на медиумите во Северна Македонија (ЈУФРЕКС)"**

На 16.02.2021 година беше одржан состанок на Управен одбор на проектот „Слобода на изразување и слобода на медиумите во Северна Македонија (ЈУФРЕКС)" кој е дел од програмата Horizontal Facility во Северна Македонија. На состанокот беа презентирани сите активности кои се реализирани во текот на минатата година и претставени активностите кои ќе следат во 2021 година.

## ПРОЕКТНИ АКТИВНОСТИ

---

**Проекти во Мрежата на Правни факултети на Југоисточна Европа – SEELS (South East European Law School Network - SEELS)**

Во извештајниот период се имплементирани повеќе проекти во коишто е вклучен Факултетот, и тоа:

---

**Legal Status and Protection of Internationally Displaced Persons, Refugees, Asylum Seekers and 'Invisible' Persons without Ids**

На 26 февруари 2020 година, во просториите на Правниот факултет се одржа kick-off meeting со кој се означи стартот на реализацијата на проектот насловен: „Legal Status and Protection of Internationally

Displaced Persons, Refugees, Asylum Seekers and 'Invisible' Persons without Ids". Овој проект е поддржан од страна на SEELS мрежата, а на состанокот, покрај проектниот тим на Факултетот предводен од проф. д-р Тони Дескоски, учествуваа и проектните тимови на правните факултети од Ниш, Осијек и Зеница.

**SEE | EU Cluster of Excellence in European and International Law**

SEE | EU Cluster of Excellence in European and International Law – како најголем проект на мрежата, продолжи да се имплементира заедно со партнерската организација - Saarland University, Europa Institut. Со оглед на пандемијата, во 2020 година најголем дел од активностите во рамките на SEE | EU Cluster of Excellence in European and International Law беа одложени, освен неколку онлајн активности. Со цел да се реализираат предвидените активности, Германската служба за академска размена (ДААД), како главен донатор на програмата, го продолжи периодот за користење на средствата на кластерот и за 2021 година (иако иницијално финансирањето требаше да заврши во 2020 година). Во изминатата година беше објавен повик и извршена селекција на наставно-научен кадар и докторанди за истражувачки престои на Институтот „Европа" при Универзитетот во Саарбрикен за 2020 година, но престоите не се реализираа, односно нивната реализација се одложи. Исто така, планираната летна школа и завршната конференција на кластерот се одложија за 2021 година.

Во однос на публикациите на кластерот, беше објавен повик за трудови за традиционалниот SEE | EU Cluster of Excellence in European and International Law Series of Papers, број 6 во 2020 година.

Во февруари 2020 година се одржа и традиционалниот PhD Colloquium наменет за докторанди во напредна фаза на истражувањето на своите докторски дисертации или скоро докторирани истражувачи.

Како онлајн активности, во периодот од 26.10.2020 година до 17.11.2020 година се одржаа четири онлајн средби во рамките на традиционалната eLearning Workshop. Наставниците на Правниот факултет имаа можност да се регистрираат и да учествуваат на оваа работилница.

Понатаму, кластерот во соработка со SEELS и правните факултети во Белград, Осијек, Ријека, Сараево, Загреб, Сплит, Зеница и Правниот факултет организираше онлајн курс „INTRODUCTION TO ARBITRATION – Key Issues of Commercial and Investment Arbitration".

Во 2021 година планирано е да се одржат одложените активности, но и да се понудат дополнителни активности во рамките на одобрените, но непотрошени фондови од 2020 година.

**Rule of Law: Arbitration as an Opportunity for Peaceful Dispute SettlemenT, Europa-Institut, Saarland University – SEELS – DAAD, 2020**

Институтот Europa при Универзитетот во Саарланд, Германија заедно со South East European Law School Network (SEELS) и нејзините факултети членки аплицираа за проект со цел да се зголеми и унапреди користењето на механизмите на алтернативно решавање на спорови во земјите од Западен Балкан.

Проектот има за цел да ја подигне свеста за владеење на правото, особено во областа на решавање на споровите. Главна цел на проектот е да придонесе за правилно функционирање на внатрешниот пазар и да се обезбеди пристап до едноставни, ефикасни, брзи и економични начини на решавање на споровите, истовремено обезбедувајќи ја и доверливоста на спорот. Соодветно на целите на проектот, активностите предвидени во овој проект се фокусираа на едукација на младиот академски кадар од земјите од Западен Балкан за предностите на алтернативното решавање на спровите, со посебен фокус на решавање на споровите преку АДР механизмите во приватниот сектор. Оттука, проектот: а) ја потенцираше важноста за промовирање и развој на АДР механизмите како алатка за пристап до правда; б) ја овозможи прекуграничната академска соработка и споделување на информации помеѓу академскиот кадар и практичарите во однос на АДР механизмите; в) го зајакна знаењето на студентите по право и помладиот академски кадар во однос на уредувањето на АДР механизмите; и г) го промовираше разбирањето за тоа како домашното и европското право функционираат во пракса, потенцирајќи ја важноста за промовирање и развој на АДР механизмите како алатка за зајакнување на владеење на правото. Првично, во рамките на активностите беше планирано одржување на регионална тркалезна маса и летна школа, но истите беа заменети со изготвување на национални извештаи во однос на трговската и инвестициската арбитража и одржување на online курс „Вовед во арбитража" каде 150 студенти од сите партнерски факултети земаа учество.

**Меѓународни проекти**

**Modernising European Legal Education (MELE)**

Со почеток од септември 2020 година, Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје учествува како партнерска институција во проектот Modernising European Legal Education (MELE), во рамки на Erasmus+ грант програмата KA203 Strategic Partnership for Higher Education, заедно со уште седум европски универзитети (Universities of Saarland (Germany), Belgrade (Serbia), Zagreb (Croatia), Cadiz (Spain), Vilnius (Lithuania), Groningen (Netherlands), Regent's University London (United Kingdom)) и мрежата South Eastern European Law Schools Network (SEELS). MELE проектот, чијшто координатор е

Универзитетот во Saarland, ќе трае три години (септември 2020-август 2023 година), со проектен буџет кој изнесува 423.388,00 €.

Целта на проектот е да ги опреми студентите на правни студии со основните интердисциплинарни алатки во процесот на учење и да ги подготви за европскиот пазар на труд во правната професија. Партнерските институции од MELE конзорциумот ќе имаат за цел да ги подобрат трансверзалните компетенции и академските вештини на студентите преку подобрување на наставните вештини на академскиот кадар, фокусирајќи се на унапредување и иновирање на наставните методи во областа на правните студии.

Во декември 2020 година, Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје го потпиша Договорот за партнерство со Универзитетот во Saarland преку кој ќе биде имплементирана проектната рамка. На 17 и 18 декември 2020 година беше одржан Иницијативен состанок на проектните партнери на кој тимовите од партнерските институции беа подетално запознаени со целите на проектот и начинот на негова имплементација преку планираните проектни резултати (аутпути). Дополнително, на 18 декември 2020 година беше одржан состанок на Управувачкиот одбор на MELE проектот, на кој претставниците од партнерските институции беа запознаени со обврските и задачите што како членови на Одборот ќе ги имаат во периодот кој следува.

---

**Jean Monnet Network – активно граѓанство: промовирање и унапредување на иновативни демократски практики на Западниот Балкан**

Поради пандемијата со Ковид-19, најголем дел од проектните активности на проектот „Активно граѓанство: промовирање и унапредување на иновативни демократски практики на Западниот Балкан” се одложени во договор со донаторот. Новиот завршен рок на проектот е поместен за 31 мај 2022 година, додека оригиналниот завршен рок беше 30 септември 2021 година. Иако најголем дел од активностите на проектот се одложени, тимот на професори од политичките студии на Правниот факултет се фокусираа на две активности: понатамошно истражување на темите врзани за проектот и преведување на веб-сајтот на проектот на македонски јазик. Веб-сајтот е преведен на македонски јазик и е во фаза на поставување (https://act-wb.net). Во однос на другите партнери, Институтот за филозофија и општествена теорија од Белград напредува во имплементирање на работилниците за демократски иновации, кои поради спецификата на пандемиските услови се префрлени онлајн.

---

**Подготовка на апликации на меѓународни повици**

Во извештајниот период Правниот факултет подготви апликации за следните проекти: Проект "Modernising European Legal Education" (MELE) е во рамки на Erasmus+ грант програмата KA203 Strategic Partnership for Higher Education. Апликацијата беше успешна и проектот започна да се спроведува во текот на 2020 година; Проект “The European Union in the area of tension between the law of the Union and national constitutional law (#Whoisfirst?) or “Who defines the European Legal Community? National constitutional courts or the ECJ”, аплициран во рамки на програмата „Promotion of Research and Development Projects between Germany and the Western Balkan States" – во партнерство со Europa Institute – Saarland University. Проектната апликација сѐ уште чека финален одговор.

## НАСТАНИ, СВЕЧЕНОСТИ И ПРОМОТИВНИ АКТИВНОСТИ НА ФАКУЛТЕТОТ

**Прв академски час во учебната 2020/2021**

На 1 октомври 2020 година на платото пред Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје се организираше прв академски час со што свечено се отвори новата учебна година. На првиот академски час се обратија Ректорот на Универзитетот, проф. д-р Никола Јанкуловски, деканот на Факултетот, проф. д-р Горан Коевски, Претседателот на Република Северна Македонија, проф. д-р Стево Пендаровски, и Кристијан Зумровски, претседател на ФСС. Потоа, на бруцошите им беа врачени индексите.

Во втората недела од почетокот на учебната година на Microsoft Teams беше одржан ориентационен час со студентите. На ориентациониот час се обрати продеканот за настава, проф. д-р Александра Груевска Дракулевски, која на студентите им ги презентираше студиските програми и правилата за студирање. За студентскиот живот и можностите за вклучување во студентски организации пред бруцошите се обрати Кристијан Зумровски, претседател на ФСС и други студенти претставници на ФСС, по што следеше дискусија и одговарање на прашањата на студентите.

---

**Одбележување на 10 декември - Меѓународниот ден на правата на човекот**

На 10 декември 2020 година се одржа е-Свечена седница на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје по повод 10 декември - Меѓународниот ден на правата на човекот. На седницата свои обраќања имаа проф. д-р Никола Јанкуловски, ректор на Универзитетот

„Св.Кирил и Методиј“ во Скопје и проф. д-р Горан Коевски, декан на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје. Следуваше предавање на тема: „Европската конвенција за човекови права како „жив“ инструмент“, од страна на д-р Мирјана Лазарова – Трајковска, судија на Врховниот суд на Република Северна Македонија. Потоа, беа доделени пофалници и благодарници кои Факултетот традиционално ги доделува на студентите и на нивните ментори за учество на престижни натпревари.

- За учество на „5th Edition of the All-European International Humanitarian and Refugee Law Moot Court Competition“ одржан на Правниот факултет на Универзитетот во Љубљана во периодот 25-29 Ноември 2020 година, (held at the Faculty of Law, University of Ljubljana, between 25th and 29th November 2020), деканот додели пофалници на: Габриела Грозданова, Виктор Кочински и Елена Стефановска. Беше доделена благодарница на нивната менторка проф. д-р Елена Михајлова Стратилати.
- За учество на „27 Willem c. Vis International Commercial Arbitration Moot 2020“, Деканот додели пофалници на: Софијана Марковска, Христина Михајлоска, Ева Цветковска, Филип Зафировски и Филип Србиноски, како и благодарници за нивните ментори: проф. д-р Тони Дескоски, асс. м-р Љубен Коцев, д-р Ана Пепељугоска Костовска и доц. д-р Вангел Доковски. Тимот на студенти победи на подготвителните натпревари /pre moots во Софија (во конкуренција факултети од Бугарија, Словенија, Германија, Франција, Турција) и Зеница (во конкуренција на факултети од Босна и Херцеговина, Германија, Катар, Хрватска).
- За учество на „13th Frankfurt Investment Arbitration Moot 2020“ беа доделени пофалници на: Марија Крстева, Теа Мицевска, Филип Ацевски и Александар Колариќ, како и благодарници на нивните ментори: проф. д-р Тони Дескоски, доц. д-р Марко Кртолица и доц. д-р Вангел Доковски. Тимот на студенти победи на подготвителниот натпревар кој го организираше нашиот факултет (во конкуренција на факултети од Србија, Црна Гора, Германија, Косово, Албанија). Добија награда за целосно покривање на патувањето, но за жал не можат да го реализираат поради пандемијата. Исто така, беа доделени и благодарници на адвокатските друштва кои дадоа поддршка за учество на нашите студенти на овие два престижни натпревари, и тоа, на: адвокатско друштво Никола Додевски, адвокатско друштво Пепељугоски и адвокатска канцеларија м-р Никола Лазаров.
- За учество на LXI$^{th}$ Philip C. Jessup International Law Moot Court Competition, како и за извонреден успех на меѓународниот натпревар по меѓународно право Phillip C. Jessup освојувајќи го 26-то место во конечното рангирање за 2020 година, во конкуренција од 134 екипи на завршните меѓународни рунди, а над 700 пријавени екипи за натпреварот, деканот, проф. д-р Горан Коевски, врачи пофалници на студентите: Миа Георгиевска, Атанас Аврамов, Ивана Ажиевска и Елена Јаман; како и благодарници на нивните ментори: проф. д-р Сашо Георгиевски и асс. д-р Љупчо Стојковски. Со тоа тимот од Правниот факултет беше и еден од добитниците на Alona E. Evans наградата за најдобри меморандуми на меѓународните рунди на натпреварот. Alona E. Evans наградата се доделува на 40-те најдобро пласирани екипи на меѓународните рунди според нивните меморандуми. Инаку оваа година, заради пандемијата со корона вирусот усните рунди беа откажани, а конечното рангирање се вршеше единствено според претходно изработените писмени меморандуми.
- За особен придонес во работата на Клиниката за ранливи групи во услови на пандемија предизвикана од Ковид 19, пофалници добија: Елеонора Делјанин, Габриела Гроздановска, Ивана Размовска, Ивона Петрушевска, Леона Кичеец, Оливера Стојковска, Симона Пецалевска, Викторија Андоновска, Милица Димова, Софија Христовска и Елена Нацевска.

---

**XXIV Ораторска вечер „Иво Пухан”**

На состанокот на Организациониот одбор на XXIV Ораторска вечер „Иво Пухан“ одржана на ден 7.12.2020 година преку видео конференциската платформа Teams, едногласно беше одлучено Ораторска вечер за 2020 година да биде одложена. Ваквата одлука следуваше откако значителен дел од пријавените кандидати ги напуштија подготовките од лични или семејни причини, со што бројот на кандидати падна под предвидениот минимум.

Во обид да се задржи квалитетот кој е својствен за Ораторската вечер, членовите на Организациониот одбор едногласно се согласија дека одложувањето во овој момент е неминовно и беше предложено да се испланира нејзиното одржување со истиот состав на Одборот и со нов, дополнителен Повик за учество, околу датумот кој се смета за роденден на Јустинијан Први, почетокот на месец мај 2021 година.

---

**Промоција на дипломци и магистри**

Со оглед на ситуацијата во врска со пандемијата, а во насока на заштита на здравјето на студентите, но и вработените на Факултетот, во 2020 година не се одржаа планираните две свечени промоции на магистрирани и дипломирани студенти. Истите се одложуваат до нормализирање на состојбата со

КОВИД-19. Но, постапката за изработка на дипломи се одвива тековно, оттука, студентите на кои им беа потребни дипломите можеа да си ги подигнат од Службата за студентски прашања.

---

**Промотивни активности за средношколци**

Заради организирање на промотивни активности на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, а со цел привлекување на идни студенти, во рамки на програмската активност на Секторот за образование на Град Скопје „Училиштата на Градот Скопје со отворени врати за факултетите и универзитетите за промоција на нивните студиски програми“ во периодот 2.3.2020 до 17.3.2020 година, се овластија следниве вонредни професори, доценти, асистенти и асистенти-докторанди да учествуваат во активностите и сите организациони подготовки неопходни за промотивните активности на Факултетот и тоа: Проф.д-р Александра Груевска Дракулевски, продекан (координатор на сите активности), Проф.д-р Неда Здравева, продекан (координатор на тим), Проф.д-р Ирена Рајчиновска Пандева, продекан (координатор на тим), Проф. д-р Ана Чупеска Станишковска (координатор на тим), Проф. д-р Даниела Блажевска, Проф. д-р Владимир Божиновски, Проф. д-р Каролина Ристова-Астеруд, Проф. д-р Тина Пржевска (координатор на тим), Проф. д-р Александар Спасеновски (координатор на тим), Проф. д-р Александра Деаноска Трендафилова (координатор на тим), Проф. д-р Ангел Ристов, Проф. д-р Биљана Петревска, Проф. д-р Бобан Мисоски (координатор на тим), Проф. д-р Васко Наумовски, Проф. д-р Дарко Спасевски (координатор на тим), Проф. д-р Дивна Илиќ Димоски, Проф. д-р Драган Гоцевски, Проф. д-р Елена Михајлова Стратилати, Проф. д-р Иван Дамјановски, Проф. д-р Ивана Шумановска Спасовска, Проф. д-р Иванка Василевска (координатор на тим), Проф. д-р Јелена Трајковска Христовска (координатор на тим), Проф. д-р Јован Зафироски, Проф. д-р Јулија Брсакоска Базеркоска (координатор на тим), Проф. д-р Лазар Јовевски (координатор на тим), Проф. д-р Милка Ракочевиќ (координатор на тим), Проф. д-р Ненад Гавриловиќ, Проф. д-р Ненад Марковиќ (координатор на тим), Доц. д-р Александар Ристовски (координатор на тим), Доц. д-р Александар Спасов, Доц. д-р Вангел Доковски (координатор на тим), Доц. д-р Денис Прешова, Доц. д-р Елена Игновска, Доц. д-р Елена Нешовска Ќосева, Доц. д-р Есин Кранли Бајрам, Доц. д-р Илија Руменов, Доц. д-р Илина Ценевска (координатор на тим), Доц. д-р Катерина Шапкова Коцевска (координатор на тим), Доц. д-р Марко Кртолица, Доц. д-р Милена Апостоловска Степаноска, Доц. д-р Тимчо Муцунски, Доц. д-р Христина Рунчева Тасев, Доц.д-р Љупчо Стојковски и асс. м-р Илија Манасиев.

Активностите започнаа според утврдениот план за посета на средните училишта, но со оглед на пандемијата беа прекинати. Поради тоа, беше организиран отворен ден на Факултетот преку платформата ZOOM што директно се пренесуваше на facebook страницата на Факултетот. Заради организирање на настанот беа контактирани сите средни училишта кои ги известија средношколците преку нивните мејлови. Настанот го следеа голем број средношколци. На настанот свои обраќања имаа: Проф. д-р Горан Коевски, декан на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, Проф. д-р Александра Груевска Дракулевски, продекан за настава, Проф. д-р Ненад Марковиќ, раководител на Институтот за политички науки и медиуми и комуникации, Проф. д-р Ана Павловска Данева, раководител на Клиника за антикорупциско право, Проф. д-р Неда Здравева, раководител на Клиника за ранливи групи, Проф. д-р Ирена Рајчиновска Пандева, раководител на Клиника за бегалци и миграции, Проф. д-р Бобан Мисоски, раководител на Клиника за казнено право, Доц. д-р Вангел Доковски и Кристијан Зумровски, студент, претседател на Факултетското студентско собрание.

Исто така, со цел промоција на студиските програми на Факултетот, секој ден на веб страницата и на facebook страницата на Факултетот, како и на instrgram профилот на Факултетот се споделуваа информации во врска со Конкурсот за запишување, за студиските програми, следуваше проект „Запознајте ги нашите студенти“ и „Виртуелна тура на Факултетот“.

## ИЗДАВАШТВО

**Монографии, зборници и годишници**

Во извештајниот период беа објавени и следниве публикации: Учебник по Локална самоуправа, автори: проф. д-р Владимир Митков, проф. д-р Гордана Силјановска Давкова, проф. д-р Тања Каракамишева Јовановска, проф. д-р Александар Спасеновски, доц. д-р Марко Кртолица. Правниот факултет е издавач на учебникот заедно со КАС-Скопје; Студија во рамки на проект на Центарот за право на бегалци и миграции, наслов: „Бегалците и миграцијата во контекстот на Балканската рута – дискурсот во Северна Македонија за време на предвремените општи избори 2020 година“. Автори: проф. д-р Сашо Георгиевски, проф. д-р Ирена Рајчиновска Пандева, проф. д-р Елена Михајлова Стратилати, Марија Зеленковска, Марија Делова, Софија Волческа, Ивана Иванова, Лина Дамчевска и Димитриј Настевски.

**Библиотека**

Библиотеката на Правниот Факултет „Јустинијан Први“ во Скопје во извештајниот период извршуваше планирани и тековни задачи согласно со Правилникот за работа на Библиотеката и тоа: Обезбедување комплетни библиотечни услуги за своите корисници – вработени, студенти, постдипломци, докторанди и други надворешни корисници; Обработка на библиотечен материјал (книги, списанија, дневни весници, службени весници и други библиотечни материјали) и Вршење на меѓубиблиотечна размена со други библиотеки во Македонија и во странство (размена со зборниците на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје.

**Електронското списание Iustinianus Primus Law Review**

Електронското списание *Iustinianus Primus Law Review* е основано на Правниот факултет „Јустинијан Први“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје во 2010 година (http://lawreview.pf.ukim.edu.mk/). Од неговиот почеток до денес, објавува со динамика на два броја годишно, броејќи 23 броја вкупно. Во текот на академската 2019/2020 година беа објавени три броја, од кои редовните 21-от и 22-от, како и посебниот број во кој се објавени трудовите од учесниците на Годишната Конференција во организација на Првниот факултет. Списанието ја задржа веќе воспоставената добра традиција да објавува квалитетни трудови, рецензирани од анонимни рецензенти и има меѓународен уредувачки одбор како и публика

(http://lawreview.pf.ukim.edu.mk/CorrespondingMembers.php)

И во текот на оваа година списанието го задржа својот отворен пристап, а сè со цел да дистрибуира информации, анализи и критичко размислување до пошироката читателска публика. Во текот на оваа година, продолжува добрата практика списанието да може да биде пребарувано во датотеката на EBSCO библиотеката и во датотеката на HEIONLINE библиотеката. Постапката на евалуација од научно истражувачката платформа на Web of Science сè уште е во тек.

## СТУДЕНТСКИ ИЗБОРИ НА ФАКУЛТЕТОТ

Со Одлука бр. 03-1101/1 од 04.11.2020 година, Деканот на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје на 04.11.2020 година, распиша избори за претседател и членови на Факултетското студентско собрание на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје.

Одлуката предвидуваше изборите за претседател и членови на Факултетското студентско собрание на Правниот факултет „Јустинијан Први” во Скопје (во понатамошниот текст: ФСС на ПФ) да се одржат на 04.12.2020 година, во период од 08.00 до 19.00 часот, со тајно гласање online, преку лиценцирана платформа за електронско гласање. Со Одлуката се именуваше Изборна комисија за спроведување на изборите за претседател и членови на ФСС на ПФ во следниот состав: 1. д-р Александар Ристовски (вонреден професор на Правниот факултет „Јустинијан Први” во Скопје); 2. д-р Љупчо Стојковски (доцент на Правниот факултет „Јустинијан Први” во Скопје); 3. Ана Угрова (студентка на прв циклус студии, запишана во трета година, во петти семестар, на студиската програма – правни студии, со број на индекс 47809; 4. Сара Марковска - студентка на прв циклус студии, запишана во трета година, во петти семестар, на студиската програма – правни студии, со број на индекс 48051) и 5. Ива Наскова (студентка на прв циклус студии, запишана во втора година, во трет семестар, на студиската програма – политички студии на англиски јазик, со број на индекс 71па.

На 16.11.2020 година, членовите на Изборната комисија за спроведување на изборите за претседател и членови на ФСС на ПФ, одржаа состанок на електронската платформа Microsoft Teams, на кој едногласно ги усвоија Правилата за Избор на претседател и членови на Факултетското студентско собрание на Правниот Факултет „Јустинијан Први” во Скопје и го задолжија ИКТ советникот на Правниот факултет, да ги објави усвоените Правила на веб страната на факултетот како би ги направил достапни за сите студенти. На усвојувањето на Правилата за избор на претседател и членови на ФСС на ПФ му претходеше склучување на „Договор за техничка поддршка во електронско гласање” помеѓу Факултетот за електротехника и информациски технологии при УКИМ и Правниот факултет „Јустинијан Први” во Скопје, со кој се обезбеди техничка поддршка при тајното online гласање, се определи електронската open source алатка наменета за спроведување на изборите и се назначи стручно лице од Факултетот за електротехника и информациски технологии со задача да ѝ помогне на Изборната Комисија во реализација на изборите.

На 18.11.2020 година, членовите на Изборната комисија за спроведување на изборите за претседател и членови на ФСС на ПФ, одржаа состанок на електронската платформа Microsoft Teams, на кој ги утврдија Избирачкиот список и изводите од Избирачкиот список на студенти со право на глас за претседател и членови на ФСС на ПФ. Избирачкиот список и изводите од Избирачкиот список беа објавени на веб страната на Правниот факултет, а студентите можеа да извршат увид и да побараат исправки или дополнувања на избирачкиот список заклучно со 30.11.2020 година.

На 24.11.2020 година, членовите на Изборната комисија за спроведување на изборите за претседател и членови на ФСС на ПФ, одржаа состанок на електронската платформа Microsoft Teams, на кој едногласно донесоа Одлука за констатирање на кандидатите за избор за претседател и членови на ФСС на ПФ. Комисијата утврди дека од поднесените 2 (две) кандидатури за претседател и двете ги исполнуваат условите за кандидирање, додека од поднесените 36 (триесет и шест) кандидатури за членови, 29 (дваесет и девет) ги исполнуваат условите предвидени во Правилата и останатите релевантни акти за избор на претседател и членови на ФСС на ПФ. Согласно Правилата за Избор на претседател и членови на Факултетското студентско собрание на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје, кандидатите чии кандидатури беа отфрлени како нецелосни (вкупно седум), имаа право на приговор во рок од 24 часа од објавувањето на Одлуката.

На 26.11.2020 година, членовите на Изборната комисија за спроведување на изборите за претседател и членови на ФСС на ПФ, одржаа состанок на електронската платформа Microsoft Teams, на кој ги разгледаа приговорите на студентите чии кандидатури беа отфрлени како нецелосни. Поднесени беа вкупно 3 (три) приговори од страна на следните студенти: Здравко Димитров со бр.на индекс 2844п (студент на политички студии македонски јазик, прва година, прв циклус); Тина Божинова со бр. на индекс 48575 (студент на прв циклус на студии, прва година, правни студии) и Даниел Шикоски со бр. на индекс 3059Н (студент на прв циклус студии, втора година, студии по новинарство). Членовите на Изборната комисија, со едногласна одлука ги одбија приговорите на студентите како неосновани, со што, прелиминарната листа на кандидатите за избор за претседател и членови на ФСС на ПФ, стана конечна.

Како конечни, се утврдија кандидатурите на следните кандидати: I. За претседал на ФСС на ПФ: 1. Умејр Мухамеди 226м и 2. Симеон Јанев 48038. II. За членови на ФСС на ПФ: 1. Михаил Пејковски 48662, правни студии, прва година, прв циклус; 2. Марија Илиевска 48583, правни студии, прва година, прв циклус; 3. Кети Ристовска 48677, правни студии, прва година, прв циклус; 4. Ивана Насковска 47912, правни студии, прва година, прв циклус; 5. Памела Павловска 48212, правни студии, втора година, прв циклус; 6. Симона Сотировска 48357, правни студии, втора година, прв циклус; 7. Кален Арнаудоски 48423, правни студии, втора година, прв циклус; 8. Бојан Стефановски 46559, правни студии, втора година, прв циклус; 9. Зорана Антовска 2832п, политички студии македонски јазик, втора година, прв циклус; 10. Филип Водјаник 2730п, политички студии македонски јазик, втора година, прв циклус; 11. Кимберли Велјановска 73па, политички студии англиски јазик втора година, прв циклус; 12. Памела Иванова 47810, правни студии, трета година, прв циклус; 13. Филип Блинџов 47896, правни студии, трета година, прв циклус; 14. Милена Јаневска 47453, правни студии, трета година, прв циклус; 15. Ејуп Ќазими 47457, правни студии, трета година, прв циклус; 16. Ангела Митеска, 47533, правни студии, трета година, прв циклус; 17. Димитриј Настевски 47988, правни студии, трета година, прв циклус; 18. Никола Донев 47915, правни студии, трета година, прв циклус; 19. Ристе Филипов 48118, правни студии, трета година, прв циклус; 20. Емил Ковачевиќ 2800п, Политички студии македонски јазик, трета година, прв циклус; 21. Ѓорги Георгиев 61па, Политички студии англиски јазик, трета година, прв циклус; 22. Георги Божиновски 3030н, новинарство, трета година, прв циклус; 23. Марија Стојанова 275ј, односи со јавност, трета година, прв циклус; 24. Борјан Ефтимов 46564, втор циклус на студии; 25. Глигор Самарџиски 276м, втор циклус на студии; 26. Димитар Тромбевски 46365, втор циклус на студии; 27. Софијана Марковска 102м, втор циклус на студии; 28. Кристијан Зумровски 76м, втор циклус на студии и 29. Ева Цветковска 114м, втор циклус на студии.

На 27.11.2020 година, членовите на Изборната комисија за спроведување на изборите за претседател и членови на ФСС на ПФ, одржаа состанок на електронската платформа Microsoft Teams, на кој едногласно усвоија Одлука за именување на членови на Избирачкиот Одбор. За членови на Избирачкиот Одбор беа именувани: 1. д-р Марко Кртолица, (доцент на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје (член на избирачкиот одбор од редот на наставници); 2. Алек Колариќ, со број на индекс 264м, студент на втор циклус студии на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје (член на избирачкиот одбор од редот на студенти) и 3. Викторија Костадиноска, со број на индекс 47868, студентка на прв циклус студии, запишана во трета година, во петти семестар, на студиската програма – правни студии (член на избирачкиот одбор од редот на студенти).

На 30.11.2020 година, членовите на Изборната комисија за спроведување на изборите за претседател и членови на ФСС на ПФ, одржаа состанок на електронската платформа Microsoft Teams, на кој едногласно го усвоија Упатството за начинот на спроведување на електронските избори за претседател и членови на Факултетското студентско собрание на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје. Истиот ден Упатството беше објавено на веб страната на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје. Во Упатството, детално беа објаснети и илустрирани сите технички специфики поврзани со начинот на електронско гласање, а како прилог кон Упатството беше прикачена и Листа на често поставувани прашања. Упатството предвиде дека гласањето за претседател и членови на ФСС на

ПФ, ќе се остварува преку официјалните студентски мејлови (со екстензија @students.pf.ukim.mk) на студентите со право на глас.

Електронското гласање за претседател и членови на Факултетското студентско собрание на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје, се одржа на предвидениот датум (04.12.2020 година). Поради незначителни технички проблеми поврзани со испраќањето на линковите за гласање кои се појавија на почетокот на гласањето, Изборната Комисија одлучи гласањето кое првично беше предвидено да заврши во 19.00 часот, да го одложи за еден час, заклучно со 20.00 часот.

Процесот на гласање, беше набљудуван од страна на претставник на Младинскиот образовен форум (МОФ), кој имаше непречен увид врз податоците за излезноста на гласањето.

По завршувањето на гласањето, членовите на Изборната Комисија и Избирачкиот Одбор, на седница која се одржа на платформата „Microsoft Teams" во присуство на набљудувач од Младинскиот образовен форум (МОФ), стручно лице од Факултетот за електротехника и информациски технологии – Скопје овластено за давање техничка поддршка за спроведување на електронските избори и советникот за ИКТ при Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје, пристапија кон утврдување на резултатите од гласањето. Во функција на поголема транспарентност во утврдувањето на резултатите од електронското гласање, покана за учество на седницата беше испратена и до сите кандидати за членови и претседател на Факултетското студентско собрание. По утврдувањето на резултатите од гласањето, членовите на Изборната Комисија за спроведување на изборите за членови и претседател на Факултетското студентско собрание на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје, одржаа состанок на платформата Microsoft Teams, на кој едногласно усвоија Одлука за утврдување на првични резултати од електронските избори за претседател и членови на Факултетското студентско собрание на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје, која веднаш потоа беше објавена и на веб страната на Правниот факултет.

Во продолжение, резултати од спроведените избори:

I. Резултати од електронските избори за претседател на ФСС на ПФ: 1. Симеон Јанев, со број на индекс 48038, со освоени вкупно 155 гласови; Умејр Мухамеди, со број на индекс 226м, со освоени вкупно 114 гласови.

Изборната Комисија го констатираше изборот на Симеон Јанев за претседател на Факултетското студентско собрание.

II. Резултати од електронските избори за членови на ФСС на ПФ:

*II.1. За членови на ФСС на ПФ за прв циклус, прва година, правни студии, избрани се следниве кандидати:* 1. Михаил Пејковски, со број на индекс 48662, со освоени вкупно 10 гласови 2. Ивана Насковска, со број на индекс 47912, со освоени вкупно 9 гласови 3. Кети Ристовска, со број на индекс 48677, со освоени вкупно 8 гласови 4. Марија Илиевска, со број на индекс 48583, со освоени вкупно 6 гласови

II.2. *За членови на ФСС на ПФ за прв циклус, втора година, правни студии, избрани се следниве кандидати:* 1. Памела Павловска, со број на индекс 48212, со освоени вкупно 28 гласови 2. Кален Арнаудоски, со број на индекс 48423, со освоени вкупно 18 гласови 3. Бојан Стефановски, со број на индекс 46559, со освоени вкупно 12 гласови 4. Симона Сотировска, со број на индекс 48357, со освоени вкупно 12 гласови

II.3. *За член на ФСС на ПФ за прв циклус, втора година, политички студии на македонски јазик, избрана е кандидатката:* 1. Зорана Антовска, со број на индекс 2832п, со освоени вкупно 11 гласови Изборната Комисија констатира дека кандидатката Зорана Антовска, освоила поголем број гласови во споредба со другиот предложен кандидат (Филип Водјаник), кој не остварил ниту еден глас.

II.4. *За член на ФСС на ПФ за прв циклус, втора година, политички студии на англиски јазик, избрана е кандидатката:* 1. Кимберли Велјановска, со број на индекс 73па, со освоени вкупно 5 гласови

*II.5. За членови на ФСС на ПФ за прв циклус, трета година, правни студии, избрани се кандидатите:* 1. Димитриј Настевски, со број на индекс 47988, со освоени вкупно 67 гласови 2. Никола Донев со број на индекс 47915, со освоени вкупно 67 гласови 3. Памела Иванова со број на индекс 47810, со освоени вкупно 54 гласови 4. Милена Јаневска со број на индекс 47453, со освоени вкупно 49 гласови 5. Ристе Филипов со број на индекс 48118, со освоени вкупно 48 гласови 6. Ангела Митеска со број на индекс 47533, со освоени вкупно 45 гласови 7. Ејуп Ќазими со број на индекс 47457, со освоени вкупно 45 гласови 8. Филип Блинцов со број на индекс 47896, со освоени вкупно 40 гласови

*II.6. За член на ФСС на ПФ за прв циклус, трета година, политички студии на македонски јазик, избран е кандидатот:* 1. Емил Ковачевиќ, со број на индекс 2800п, со освоени вкупно 7 гласови

II.7. *За член на ФСС на ПФ за прв циклус, трета година, политички студии на англиски јазик, избран е кандидатот:* 1. Ѓорѓи Георгиев, со број на индекс 61па, со освоени вкупно 2 гласови

*II.8. За член на ФСС на ПФ за прв циклус, трета година, односи со јавност, избрана е кандидатката:* 1. Марија Стојанова, број на индекс 275ј, со освоени вкупно 5 гласови

*II.9. За член на ФСС на ПФ за прв циклус, трета година, новинарство, избран е кандидатот:* 1. Георги Божиновски, со број на индекс 3030н, со освоени вкупно 4 гласови

*II.10. За член на ФСС на ПФ за втор циклус на студии, избрани се кандидатите:*1. Борјан Ефтимов, со број на индекс 46564, со освоени вкупно 22 гласови 2. Ева Цветковска, со број на индекс 114м, со освоени вкупно 21 гласови 3. Кристијан Зумровски, со број на индекс 76м, со освоени вкупно 20 гласови 4. Софијана Марковска, со број на индекс 102м, со освоени вкупно 18 гласови 5. Глигор Самарџиски, со број на индекс 276м, со освоени вкупно 15 гласови 6. Димитар Тромбевски, со број на индекс 46365, со освоени вкупно 15 гласови.

На 09.12.2020 година, членовите на Изборната комисија за спроведување на изборите за претседател и членови на ФСС на ПФ, одржаа состанок на електронската платформа Microsoft Teams, на кој едногласно ја усвоија Одлуката за утврдување на конечни резултати од електронските избори за претседател и членови на ФСС на ПФ. Изборната Комисија констатира дека кон првичните резултати од електронските избори за претседател и членови на Факултетското студентско собрание објавени на 04.12.2020 година, не беше поднесен ниту еден приговор, со што, резултатите од електронските избори за претседател и членови на ФСС на ПФ станаа конечни.

## НАСТАВНО-НАУЧЕН СОВЕТ

Во периодот од 01.03.2020 година до 28.02.2021 година одржани се 13 редовни седници (од 33-та редовна седница одржана на 02.03.2020 година до 45-та редовна седница одржана на 26.02.2021 година), 6 вонредни седници одржани на 26.05.2020 година, 04.06.2020 година, 23.06.2020 година, 16.09.2020 година, 18.01.2021 година и на 12.02.2021 година и Свечена седница на ННС одржана на 10.12.2020 година. На седниците на Наставно-научниот совет во овој период на дневен ред беа поставени вкупно 222 точки /905 потточки/.

Во извештајниов период членовите на Наставно-научниот совет на Факултетот тековно беа информирани за финансиската состојба на Факултетот, се водеше расправа и се одлучуваше за финансиската проекција на Факултетот.

Почнувајќи од седницата на ННС одржана на 03.02.2020 година, членови на Наставно-научниот совет се и претставници на студентите избрани со тајно гласање од страна на Факултетското студентско собрание (одлука бр. 23-38/3 од 09.01.2020 година) и тоа: Катерина Иванова, Ејуп Ќазими, Умејр Мухамеди, Милена Јаневска, Сања Димовска, Димитар Тромбевски, Арбен Мехмети и Кристијан Зумровски.

Факултетското студентско собрание со одлука бр. 23-1009/1 од 15.10.2020 година со тајно гласање ги избра студентите Христина Балканов и Ева Цветковска за претставници од студентите во Наставно-научниот совет на Факултетот, наместо досегашните претставници Сања Димовска и Умејр Мухамеди. Со одлука на Факултетското студентско собрание бр. 23-1276/2 од 21.12.2020 година, а по спроведен избор со тајно гласање, за претставници од студентите во Наставно-научниот совет на Факултетот, наместо досегашните претставници Арбен Мехмети и Христина Балканов се избрани студентите Борјан Ефтимов и Зорана Антовска.

Во моментот на изработка на Извештајот, членови на Наставно-научниот совет од редот на студентите се: Катерина Иванова, Ева Цветковска, Борјан Ефтимов, Зорана Антовска, Ејуп Ќазими, Милена Јаневска, Димитар Тромбевски и Кристијан Зумровски.

## ДЕКАНАТСКА УПРАВА

Во текот на извештајниот период од 01.03.2020 година до 28.02.2021 година одржани се 10 редовни седници на Деканатската управа (од 34-та седница одржана на 02.04.2020 година до 43-та седница одржана на 25.02.2021 година) и 4 вонредни седници одржани на 23.03.2020 година, на 31.03.2020 година, на 14.05.2020 година и на 12.02.2021 година. На дневен ред беа поставени 78 точки /10 потточки/.

Почнувајќи од седницата на Деканатската управа одржана на 28.01.2021 година, член на Деканатската управа е и претседателот на Факултетското студентско собрание, Симеон Јанев, согласно член 31, став 1, алинеја 5 од Статутот на Факултетското студентско собрание на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје (известување бр. 23-1276/1 од 21.12.2020 година). Претходно, почнувајќи од седницата на Деканатската управа одржана на 29.01.2020 година, член на Деканатската управа беше тогашниот претседател на Факултетското студентско собрание, Кристијан Зумровски, согласно член 31, став 1, алинеја 5 од Статутот на Факултетското студентско собрание на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје (известување бр. 23-38/3-1 од 09.01.2020 година).

## СПРОВЕДЕНИ ПОСТАПКИ ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ

Согласно Законот за јавните набавки („Сл.весник на РМ“ бр. 24/2019), Комисијата за јавни набавки на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје во состав: проф. д-р Ненад Гавриловиќ - претседател, проф.д-р Тина Пржеска - член и проф. д-р Дарко Спасевски - член во текот на 2020 година

за потребите на Факултетот спроведе 23 постапки: 13 набавки од мала вредност, 8 набавки со поедноставена отворена постапка и 2 набавки на посебни услуги.

## ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Согласно член 37 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл.весник на РСМ" бр. 101/2019) на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје во периодот од 01.03.2020 година до 28.02.2021 година нема активности.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕПОРАКИ

Извештајот за работата на Правниот факултет „Јустинијан Први" – Скопје во периодот 1.3.2020 – 28.02.2021 година покажува дека и покрај објективните потешкотии за работење во услови на пандемија реализирани се бројни наставни, научни и меѓународни активности, а финансиската состојба е консолидирана и стабилизирана.

Иако е доста направено, останува да се завршат започнатите активности, пред сѐ, усвојување на нов Правилник за утврдување на платите и надоместоците за вработените на Факултетот, Одлука за Правила за студирање на прв циклус (додипломски) студии и втор циклус (постдипломски) студии и други. Дополнително, Факултетот ќе треба да ги донесе интерните општи акти предвидени со законите што го тангираат работењето на високообразовните установи.

Свесни сме за неизвесноста со која ќе се соочуваме и во периодот што следи. Оттука, останува императивот сите заеднички да работиме во изнаоѓањето на најоптимални услови за континуирано и квалитетно одвивање на наставно-научниот процес на Факултетот. Во најава е изработка на заедничка дигитална платформа за далечинско учење на УКИМ, така што во тој процес би требало активно учество да земат и наши колеги кои имаат експертиза во областите на авторското право и на заштитата на личните податоци.

Имајќи предвид дека со овој извештај се заокружува мандатот на постојниот Деканат и Деканатската управа, за изминатите четири години можеме да донесеме заклучок дека се постигнаа значајни успеси и се воведоа нови практики на одговорно и отчетно работење на Факултетот, со широка вклученост на наставниот кадар, Стручната служба и студентите.

На крајот на мандатот се заблагодарувам на продеканите проф. д-р Александар Стојков, проф. д-р Александра Груевска Дракулевски, проф. д-р Неда Здравева и проф. д-р Ирена Рајчиновска Пандева за несебичното и посветено работење; на членовите на Деканатската управа за конструктивноста во креирањето на факултетските политики; на членовите на Наставно-научниот совет за активното учество во реализацијата на сите факултетски активности, а особено на помладите колешки и колеги кои воведоа нови и модерни работни методи, како и на студентите кои беа инспирација и коректив на нашето работење. Работењето на Факултетот, во извонредно турбулентниот период, немаше да биде успешно без залагањата и на Стручната служба и особено им благодарам на м-р Ирена Трајановска, на Александар Јордев и на Марјан Цветановски, како и на другите вработени во администрацијата на Факултетот.

На избраниот декан, колегата проф. д-р Сашо Георгиевски и на тимот кој ќе го избере им посакувам многу нови студенти на студиските програми на Факултетот, раст на приходите и стабилни финансии и многу успех во работењето и водењето на Факултетот.

Д Е К А Н,

Проф.д-р Горан Коевски

Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Правен факултет „Јустинијан Први" Република Северна Македонија • СКОПЈЕ •